# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работата на
# Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2023 година

# Годишен извештај
# за работата на
# Комисијата за
# спречување и заштита
# од дискриминација
# за 2023 година

# СОДРЖИНА


**РЕЗИМЕ** ..... 5

**ПОСТАВЕНОСТ, ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ И СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА** ..... 8

- Законска рамка ..... 8
- Членови на КСЗД ..... 9
- Стручна служба ..... 10

**СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА** ..... 12

- Претставки за заштита од дискриминација ..... 12
  - Демографски податоци за подносителите на претставки ..... 14
  - Пријавени основи и области на дискриминација во новите предмети за 2023 година ..... 16
  - Пријавени основи на дискриминација ..... 17
  - Пријавени области на дискриминација ..... 18
- Одлучување на Комисијата по предмети за заштита од дискриминација ..... 20
- Утврдена дискриминација во 2023 година ..... 21
  - Видови дискриминација во случаите утврдени во 2023 година ..... 22
  - Основи на дискриминација во случаите утврдени во 2023 година ..... 24
  - Области на дискриминација во случаите утврдени во 2023 година ..... 25
- Општи препораки ..... 29
- Статус на исполнување на препораките на Комисијата ..... 31
- Барања за покренување прекршочна постапка ..... 31
- Учество на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како „пријател на судот“ (amicus curiae) во судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis) ..... 32

**УЧЕСТВА НА НАСТАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА КСЗД** ..... 34

- Седма регионална конференција на телата за еднаквост на Југоисточна Европа ..... 34
- Обуки и отворени средби со граѓаните, граѓанскиот сектор и локалните институции ..... 34
- Едукативни модули за деца и млади ..... 35
- Советодавен одбор за образование ..... 35
- Студиски посети на КСЗД ..... 36
- Барометар за еднакви можности ..... 36
- Стратегија за превенција на структурната дискриминација и промоција на принципот на еднаквост на КСЗД ..... 37
- Водич за преминување на товарот на докажување на КСЗД ..... 37
- Придонес на КСЗД кон спроведување на Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022-2024 ..... 38
- Меморандуми за соработка со институции и организации ..... 39

**МЕЃУНАРОДНО ИЗВЕСТУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ ..... 42**

Придонес кон изготвувањето на годишниот извештај на Република Северна Македонија до Европската комисија ..... 42

Придонес кон Петтиот извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за социјални, економски и културни права ..... 42

**ПРИСУСТВО НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО МЕДИУМИТЕ ..... 44**

**БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ ..... 47**

**ПРИЛОЗИ ..... 49**

Прилог 1: Издвоени случаи од практиката ..... 49

Прилог 2: Завршна сметка ..... 53

# РЕЗИМЕ

Овој извештај ги презентира постигнувањата и реализираните активности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму во текстот: КСЗД или Комисијата) во 2023 година.

КСЗД е национална институција за човекови права надлежна за спречување и заштита од дискриминација. Таа е самостоен и независен орган основан од Собранието на Република Северна Македонија и своите надлежности ги врши во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во текот на 2023 година КСЗД работеше на вкупно 599 предмети за заштита од дискриминација, од кои 523 отворени во 2023 година и 76 предмети пренесени од претходната 2022 година. Бројката од **523 нови предмети** претставува апсолутен годишен рекорд во досегашното работење на Комисијата и во неа се вбројуваат **520 претставки** за заштита од дискриминација поднесени до Комисијата од страна на граѓани, граѓанските организации и други правни лица, како и **три постапки по службена должност**. Иако бројот на претставки е значително зголемен во однос на претходните години, тој вистински не ја одразува присутноста на дискриминацијата, што се потврди во истражувањето спроведено за **Извештајот – Барометар за еднакви можности** на КСЗД и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), кој покажа дека секој/а трет/а испитаник/чка изјавил/а дека бил/а жртва на дискриминација, а четири од десет испитаници биле сведоци на дискриминација.

**Граѓаните во 2023 година најчесто до Комисијата се обраќаа заради заштита од дискриминација во областа на јавното информирање и медиуми**, а потоа во работата и работните односи, образованието и пристапот до добра и услуги. КСЗД постапуваше по секоја од поднесените претставки поединечно и на одржаните 31 седница се донесени **521 одлуки**, од кои 117 правни мислења, но и 344 заклучоци за отфрлање на претставката или непостапување, односно запирање на постапката – најчесто заради ненадлежност и неуредност на поднесоците. Тоа укажува дека, иако се забележува зголемена видливост на Комисијата како адреса на која граѓаните бараат заштита на своите права, **постои низок степен на запознаеност на граѓаните** за надлежностите на КСЗД и задолжителните елементи на претставките. Оттука, правилно била согледана потребата од едукација на граѓаните за непосредно претставување на КСЗД, за што, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, продолжија **отворените денови „Препознај, пријави, спречи дискриминација“** што се одржаа во Скопје и осум други општини, како и обуки за запознавање со механизмите за спречување и заштита од дискриминација на локално ниво во повеќе општини во рамки на проектот **„Видливи, здружени и гласни – Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка“** спроведуван од страна на Комисијата, Коалицијата „МАРГИНИ“, Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет за човекови права и „ЛАГ Вардар Леадер“ во рамки на програмата „Цивика Мобилитас“.

Од друга страна, постапувајќи по поднесените претставки, **Комисијата во 2023 година донесе 59 мислења во кои утврди дискриминација** и упати препораки за нивно отстранување, од кои во 21 од случаите беше утврдена дискриминација во потежок облик, односно како интерсекциска, продолжена, повеќекратна и повторена дискриминација. Во утврдените случаи, **дискриминацијата била најприсутна во областа на работата и работните односи**, потоа јавното информирање и медиуми, а утврдена е и во областите: пристап до добра и услуги, образование, спорт, правосудство и управа, членување и

дејствување на здруженија на граѓани или други организации засновани на членство, здравствено осигурување, домување, право на јавен собир и дејствување и работа на општински совет. Во случаите, КСЗД констатираше повреда на правото на еднаквост врз 25 различни дискриминаторски основи, а **најчеста утврдена основа за дискриминација била лично својство и општествен статус**, по што следуваат основите сексуалната ориентација, родовиот идентитет, националната или етничка припадност, политичкото уверување, полот и припадноста на маргинализирана група.

Претставките на граѓаните и постапувањето по нив е една од суштинските надлежности на КСЗД и дел од нив ги презентираме во овој извештај како примери од практиката. Тие ни даваат увид во состојбите, можност за препознавање трендови, а во одредени случаи откриваат и системски проблеми за чие решавање е потребна меѓуинституционална соработка и делување на повеќе ресори.

По упатена препорака од страна на КСЗД, Собранието на РСМ го донесе **Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните**, со што им се овозможи на лицата што не поседуваат имот или немаат можност да обезбедат докази за сопственоста на имотот или договор за закуп и поради тоа останувaа без пријавена адреса за живеење, а со тоа и без лична карта, да си го решат ова прашање.

Тргнувајќи од законската надлежност за упатување на општи препораки во случаи на дискриминација на поголем број лица, **КСЗД во извештајниот период упати четири општи препораки** за заштита од дискриминација до надлежните институции, и тоа:

- до Управата за извршување на санкции и Министерството за образование да обезбедат системски, одржлив и континуиран пристап до задолжително образование на сите осудени лица на кои им е изречена заводска воспитна мерка – упатување во воспитно-поправен дом;
- до Управата за извршување на санкции и другите релевантни органи да обезбедат еднакво остварување на правото на прогресирање во установите на казнетиот систем на сите осудени лица без разлика на нивниот пол;
- до Владата на РСМ и Министерството за образование и наука да обезбедат системски, одржлив и континуиран пристап до правото на користење бесплатен јавен превоз на редовните студенти запишани на додипломски студии на приватните универзитети во државата;
- до Собранието на РСМ да изгласа измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување за отстранување нееднаков третман кон индивидуалните земјоделки во остварување право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и привремена спреченост за работа поради болест.

КСЗД го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сè до исполнување на препораките. Во случај тие да не бидат исполнети има законска обврска да поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд. Заради непостапување по препораките на Комисијата во 2023 година **поднесени се 14 барања за поведување прекршочни постапки против утврдени дискриминатори. Донесена е една пресуда** од основен суд со која прогласи за виновен и изрече прекршочна санкција против лице што не постапи по препорака на КСЗД во законски утврдениот рок за постапување.

Во извештајниот период КСЗД дејствуваше како **пријател на судот (amicus curiae)** во судската постапка од јавен интерес (actio popularis) пред Основниот граѓански суд Скопје

поведена од Хелсиншкиот комитет за човекови права – Скопје. Исто така, во декември 2023 година, Апелациониот суд Скопје ја потврди пресудата на Основниот граѓански суд Скопје, со која е утврдено дека Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија (ДИК) сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас, за која судска постапка КСЗД исто така учествуваше како пријател на судот.

Во 2023 година донесена е **Стратегија за превенција на структурната дискриминација и промоција на принципот на еднаквост на КСЗД** со која се идентификуваат причините за одделни облици на структурна дискриминација, на кои начини структурната дискриминација може да се препознае и што може КСЗД да направи во насока на спречување на дискриминацијата, но и промоција на принципот на еднаквост во своето работење и функционирањето на другите институции. Исто така, донесен е **Правилник за формирање советодавни тела од експерти** за одредени специфични прашања поврзани со промоција, спречување и заштита од дискриминација и избрани се 11 кандидати за експерти на советодавни тела за стручна поддршка на КСЗД што се пријавија на јавен оглас. Понатаму, се донесе **Политиката за интегритет**, како и **Етичкиот кодекс на КСЗД**.

Во 2023 година КСЗД ја продолжи и продлабочи соработката со државни институции и организации од граѓанскиот сектор и во таа насока потпишани се **11 нови меморандуми за соработка**. Во март 2023 година се објави **Водичот за преминување на товарот на докажување на КСЗД**, кој Комисијата го изработи во рамките на проектот „Зајакнување на владеењето на правото и човековите права во Република Северна Македонија II“ поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во ноември 2023 година е објавен Извештајот **Барометар за еднакви можности** чии издавачи се Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), подготвен со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Европската Унија за потребите на проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“.

Годишниот извештај за 2023 година дава јасен и структуриран преглед на имплементирањето на надлежностите на КСЗД и изобилува со статистички податоци во форма на графикони и табели. Исто така, прикажани се и статусот, раководството, надлежностите и организациската структура на Комисијата, реализираните активности за подобрување на квалитетот во работењето, остварената соработка со други институции и организации од земјата и од странство, медиумската присутност, како и буџетското и финансиското работење на КСЗД. Извештајот содржи два прилози, и тоа:

- Прилог 1: Издвоени случаи од практиката
- Прилог 2: Завршна сметка за 2023 година.

Графичкото уредување, лектурата и преводот на годишниот извештај на албански и англиски јазик се поддржани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# ПОСТАВЕНОСТ, ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ И СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Законска рамка

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е основана со Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ" бр. 258/2020 од 24 октомври 2020 година) како самостоен и независен орган и има својство на правно лице. Надлежностите на Комисијата може да се поделат во следните главни функции: превентивна, промотивна, заштитна и советодавна-експертска, а истите се таксативно наведени во членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

- презема активности за промоција, заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата;
- следи спроведување на законот и да дава свои мислења и препораки;
- промовира принцип на еднаквост, право на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација;
- придонесува во изготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование;
- изготвува и објавува посебни и тематски извештаи за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата;
- дава општи препораки за одредени прашања од областа на еднаквоста и недискриминацијата и го следи нивното спроведување;
- се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права или за пристапување кон истите и го следи нивното спроведување;
- придонесува при изготвувањето на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународните и регионалните тела за човекови права и придонесува за спроведување на нивните препораки;
- промовира и предлага усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за човекови права;
- иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација;
- дава мислења по предлози на закони од значење за спречување и заштита од дискриминација;
- воспоставува соработката со физички и правни лица, како и со здруженија, фондации, социјални партнери за остварување на принципот на еднаквост и унапредување на спречувањето и заштитата од дискриминација;
- соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни и регионални организации на полето на заштита од дискриминација;
- постапува по претставки, носи мислења, препораки и заклучоци за конкретните случаи на дискриминација;
- поведува постапка за заштита од дискриминација по службена должност;
- дава информации на заинтересираното лице за своите права и можности за покренување на судска или друга постапка;

- го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сè до исполнување на препораките дадени од КСЗД;
- се јавува како замешувач во судски постапки;
- може да дејствува како пријател на судот (amicus curiae);
- за својата работа КСЗД квартално ја информира јавноста за случаите на дискриминација, ги споделува своите мислења и препораки на јавноста преку кој било медиум;
- КСЗД има можност да формира советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања, да прибира и објавува статистички и други податоци и формира бази на податоци поврзани со спречување и унапредување на заштитата од дискриминација;
- КСЗД за својата работа поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија и има обврска сите извештаи, вклучително и финансискиот извештај, да ги објавува на интернет-страницата на КСЗД.

## Членови на КСЗД

КСЗД е составена од седум членови што ги избира Собранието на Република Северна Македонија и имаат статус на именувани лица што ја извршуваат функцијата професионално, неспоиво со извршување друга јавна функција, професија или функција во политичка партија. Членовите се избираат во транспарентна постапка што вклучува јавен оглас објавен од Собранието и задолжително спроведување јавна расправа. Исклучително важен да се истакне е критериумот за избор на член на КСЗД утврден во Законот, кој бара минимум седум години работно искуство од областа на човековите права, од кои пет години во областа на еднаквост и недискриминација, со што се гарантира професионалноста на членовите на Комисијата и ја намалува можноста за влијанија и арбитрарност во изборот на членовите.

Членовите на КСЗД се избираат со мандат од пет години, со право на уште еден последователен повторен избор. При изборот на првиот состав на Комисијата, четири членови се избираат со мандат од пет години, а тројца членови со мандат од три години. Од редот на членовите Комисијата избира претседател со мандат од една година, без право на повторен избор. Составот на КСЗД го одразува мултиетничкиот карактер на Р С Македонија, но со пет члена, од кои само една е жена, за жал не е родово балансиран. Три члена на Комисијата се со мандат од пет години и два члена со мандат од три години.

Во 2023 година Комисијата функционираше само со пет члена, бидејќи во 2021 и 2022 година два члена од првиот состав поднесоа оставки, а Собранието на РСМ на два последователни јавни огласи за избор на членови на Комисијата, еднаш во 2022 година и вторпат во февруари 2023 година, не изврши избор поради истекување на законските рокови во постапката за избор. Во ноември 2023 година Собранието на РСМ објави нов јавен оглас, овој пат за избор на четири членови, бидејќи, покрај претходно споменатите испразнети две позиции, во јануари 2024 година истекува мандатот на уште двајца членови што во првиот состав беа избрани со мандат од три години. Постапката за избор и комплетирање на составот на Комисијата истекува на почетокот на 2024 година. КСЗД работи во неполн состав уште од 2021 година. Во услови на сè поголемата присутност и видливост на Комисијата во македонското демократско општество, а имајќи ги предвид законските надлежности и значително зголемениот број предмети за заштита од дискриминација, ваквата состојба сериозно го усложнува нормалното функционирање, но исто така создава ризици од пролонгирање на роковите за одлучување и намалување на ефикасноста во работењето на КСЗД во целина.

# Стручна служба

За вршење на стручните, административните и техничките работи на Комисијата се формира стручна служба. Вработените во стручната служба имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од Законот за административни службеници. Со стручната служба раководи генерален секретар што го назначува КСЗД.

Врз основа на извршена функционална анализа, донесени и во примена се Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места на Стручната служба, со кои е утврдена следната организациска поставеност:

1. **Сектор за административно-финансиска поддршка**
    - 1.1 Одделение за општи и правни работи
    - 1.2 Одделение за односи со јавноста
    - 1.3 Одделение за финансиски прашања
2. **Сектор за спречување и заштита од дискриминација**
    - 2.1 Одделение за заштита од дискриминација
    - 2.2 Одделение за спречување на дискриминација и промоција на принципот на еднаквост
3. **Сектор за аналитика, меѓуинституционална национална соработка и меѓународна соработка**
    - 3.1 Одделение за меѓународна соработка и соработка со институции и граѓански организации
    - 3.2 Одделение за истражувања и анализи

Графичкиот приказ на организациската структура е даден на Слика 1.




Слика 1. Во Правилникот за систематизација на работни места во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се систематизирани 40 работни места на административни службеници со вкупно 46 извршители, од кои пополнети се само 16 работни места, што претставува 34,8 % пополнетост.

Бројот на вработени во Стручната служба на Комисијата споредбено со 2022 година останува ист, односно во текот на 2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не е спроведено ниту едно ново вработување.

Имено, иако Комисијата има мал процент на пополнети од систематизираните работни места и има потреба од нови вработувања на административни службеници, Министерството за финансии не даде финансиска согласност за нови вработувања во 2023 година, поради што истите не беа предвидени во Годишниот план за вработување за 2023 година.

Почитувајќи ги препораките на Министерството за финансии со кои тоа не даде согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година, а кои се темелеа на определбата на Владата на Република Северна Македонија за оптимизирање на јавната администрација, во Годишниот план за вработување за 2023 година на Комисијата беа предвидени само 4 (четири) унапредувања на административни службеници по пат на интерен оглас. Во декември 2023 година, по добивање на потребната финансиска согласност се реализираше Годишниот план за вработување за 2023 година, со што 4 (четири) административни службеници беа унапредени, од кои двајца (2) на работни места со звање помошник-раководител на сектор, еден (1) административен службеник на работно место со звање раководител на одделение и еден (1) административен службеник на работно место со звање советник.

Во текот на извештајниот период преку институтот мобилност 1 (еден) административен службеник од Комисијата беше трајно преземен од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, а Комисијата се зботати со 1 (еден) административен службеник што беше трајно преземен од Министерство за правда.

Состојбата на мала расположливост со човечките ресурси и големиот процент на непополнети работни места во Комисијата го намалува потенцијалот на стручната служба за непречено функционирање, исполнување на работните задачи и остварување и реализација на законските надлежности на Комисијата. Стратегиската определба за јакнење на капацитетите и човечките ресурси, како и создавање стручна, независна и професионална административна служба на КСЗД останува предизвик и во 2024 година.

На Слика 2 е даден приказ на состојбата со екипираност со човечки ресурси во Комисијата (членови и стручна служба), односно процентот на пополнети позиции на работни места во стручната служба и процентот на пополнети позиции на именувани лица заклучно со 31.12.2023 година:




Слика 2

# СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Во согласност со утврдените надлежности во Законот за спречување и заштита од дискриминација и Деловникот за работа, Комисијата работи постојано, а одлучува на седници што се одржуваат по потреба. Во 2023 година КСЗД работеше на вкупно **599 предмети** за заштита од дискриминација, од кои 523 отворени во 2023 година и 76 предмети пренесени од претходната 2022 година. Комисијата одржа 31 седница на кои се донесени **521 одлуки** за конкретни предмети.

## Претставки за заштита од дискриминација

Во согласност со член 23 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, секое лице (физичко и правно) може да поднесе претставка за заштита од дискриминација до КСЗД, без обврска за плаќање такса и друг надоместок. Притоа,

- лицата што сметаат дека биле дискриминирани можат да поднесат претставка до КСЗД лично или застапувани од друго лице, здружение, фондација или синдикат со претходно дадена согласност. Исто така,
- здруженијата, фондациите, синдикатите или други организации од граѓанското општество и институции, кои имаат оправдан интерес за заштита на интересите на одредена група или во рамките на својата дејност се занимаваат со заштита од дискриминација, можат да поднесат претставка, ако направат веројатно дека со постапувањето на одредено физичко или правно лице се дискриминирани поголем број лица.

Претставка за дискриминација до Комисијата може да се поднесе на повеќе начини: по пошта, лично во простории на КСЗД и електронски.

- Поднесување претставка по пошта се врши со испраќање пополнет образец за пријава на дискриминација на адреса на Комисијата;
- Поднесување претставка лично може да се поднесе усно на записник или со пополнување на образецот за пријава на дискриминација во просториите на Комисијата;
- Електронско поднесување претставки е овозможено преку воспоставениот електронски сервис „Пријави дискриминација“ што се наоѓа веб-страницата на Комисијата (**https://kszd.mk/пријави-дискриминација/**) или со испраќање е-пошта на contact@kszd.mk.

Во 2023 година до Комисијата се поднесени **520 претставки** за заштита од дискриминација, од кои **442 од страна на физички лица и 78 од страна на правни лица**. Споредбено со претходната 2022 година, кога беа примени 248 претставки од страна на физички и правни лица, бројот е зголемен за 272 претставки, што претставува пораст од 109,68 %, кој се должи на поднесени 185 претставки за еден ист настан – претставки со иста содржина, исти посочени основи и области на дискриминација, уредно поднесени од различни физички лица. Доколку во статистиката се исклучат овие претставки, повторно

се бележи реален пораст на бројот на поднесени претставки во 2023 година (раст од 34,68 %). Сепак, со оглед дека КСЗД има законска обврска да постапува по сите примени претставки, статистичкиот пораст на бројот на претставки во 2023 година споредено со 2022 година изнесува 109,68 %, со кој процент е претставен годишниот извештај.

Покрај примените претставки, во 2023 година КСЗД поведе и **три постапки по службена должност**. Тоа е за четири постапки помалку од поведените во претходната година. Сепак, кога ќе се земат предвид сите предмети за заштита од дискриминација, односно примените претставки и постапките по службена должност, вкупниот број нови предмети за заштита од дискриминација во 2023 година изнесува 523, што е апсолутен годишен рекорд во досегашното функционирање на Комисијата. За споредба, во 2022 година беа отворени 255 нови предмети, а во 2021 година оваа бројка изнесуваше 90 предмети (Графикон 1).




Графикон 1

На Графикон 2 е даден преглед на бројот на предмети за заштита од дискриминација по кварталите на нивното поднесување за 2021, 2022 и 2023 година. Во 2023 година се забележува пораст на бројот на новоотворени предмети во секој од споредбените квартали во претходните години. Исто така, на Графиконот особено се воочува стрмниот пораст на бројот на нови предмети во третиот квартал во 2023 година кога во Комисијата се примени претходно споменатите 185 претставки за еден ист настан.




Графикон 2

Претставка до Комисијата може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата, а Комисијата може да поведе постапка и по истекот на рокот доколку оцени дека се работи за случај што засега поголема група лица или кога последицата трае или засега јавен интерес. Задолжителни елементи на претставката се: податоци за подносителот, податоци за лицето против кое се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот (доколку ги има) и потпис на подносителот. Формуларот содржи и демографска анкета што не е задолжителен елемент на претставката, но нејзиното пополнување од страна на граѓаните ѝ овозможува на КСЗД дополнителни податоци што се прибираат, чуваат и обработуваат единствено за аналитички цели, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

## Демографски податоци за подносителите на претставки

Од вкупно 422 физички лица што поднеле претставки за заштита од дискриминација во 2023 година, 86 не се изјасниле за својата припадност по пол. Од оние што се изјасниле 195 биле жени (54,78 %), 160 мажи (44,94 %) и еден друг (0,28 %).

Пол на подносителите на претставки




Графикон 3

Во однос на националната припадност, 140 подносители не се изјасниле. Од оние што се изјасниле, 254 биле Македонци, 14 Албанци, 12 Роми, седум Срби, двајца Турци, двајца Бошњаци и двајца Власи. До Комисијата се доставени и девет претставки од граѓани што се изјасниле за друга етничка припадност, од кои четири бугарска, двајца германска, еден грчка, еден југословенска и еден друга што не била посочена.

Целосниот преглед на бројот на претставки на подносителите според нивната национална припадност е даден на Графикон 4.




Графикон 4

На Графикон 5 е даден преглед на бројот на претставки според возраста на подносителите. Најмногу претставки поднеле граѓани на возраст од 41 до 50 години, потоа граѓаните на возраст од 31 до 40 години и граѓаните на возраст од 51 до 60 години. Податок за возраст не доставиле 85 подносители на претставки.




Графикон 5

Преглед на бројот на претставки според општина на живеење на подносителите (општина на седиште за правни лица) е даден на Слика 3. Најголем број претставки за заштита од дискриминација во 2023 година биле поднесени од граѓани и организации со седиште во Скопје (180 претставки, или 36,22 %) и Струмица (166 претставки 33,40 %). Потоа следуваат:

- 14 од Битола
- по 11 од Кочани и Куманово
- 10 од Велес
- 9 од Прилеп
- по 7 од Илинден и Охрид
- по 6 од Богданци, Валандово и Ново Село
- по 5 од Гостивар, Делчево и Свети Николе
- 4 од Тетово
- по 3 од Неготино, Радовиш и Штип
- по 2 од Боговиње, Босилово, Демир Хисар, Долнени, Кичево, Маврово и Ростуше и Македонски Брод и
- по 1 претставка од Берово, Брвеница, Врапчиште, Дојран, Кавадарци, Кратово, Пехчево, Ресен, Теарце и Чучер Сандево.




Слика 3

Во 2023 година до Комисијата со 10 претставки за заштита од дискриминација се обрати и граѓанска организација чие седиште е во Брисел, Белгија, со една претставка лице од Босна и Херцеговина и со една претставка лице од Република Србија. 23 лица доставиле претставка без да наведат адресен податок, кој е задолжителен елемент на претставката.

## Пријавени основи и области на дискриминација во новите предмети за 2023 година

КСЗД во септември 2023 година прими 185 претставки со идентична содржина во врска со фотографија од транспарент што бил истакнат за време на настанот „Марш за женски права" одржан на 8 март 2023 година. Претставките се поднесени пет месеци по споменатиот настан и тоа е во рамки на законски пропишаните рокови за истите да се сметаат за уредно доставени. За содржината на транспарентот подносителите наведоа дека поттикнува верска омраза и насилство врз граѓаните со христијанска вероисповед, дискриминација и вознемирување врз основа на пол, род, религија и верско уверување и друго уверување, дека е силно навредлив, понижувачки и исмејувачки, како и дека се нанесува дискриминација врз верничките врз основа на пол. Како област на дискриминација подносителите ја навеле јавното информирање и медиуми, бидејќи, како што посочија, фотографии од транспарентот биле пренесени од сите портали и биле споделувани и коментирани на социјалните мрежи. КСЗД донесе заклучок за отфрлање на претставките поради ненадлежност, и ги упати подносителите на можноста да поднесат кривична пријава пред надлежен обвинител за кривично дело „Предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост врз национална, верска и друга основа" од член 319 од Кривичниот законик, како и можноста да побараат судска заштита за граѓанска одговорност за штета нанесена на честа и угледот со навреда и клевета, во согласност со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Имајќи предвид дека бројот на овие 185 идентични претставки, по форма и содржина, претставува повеќе од 35 % од вкупно поднесените претставки, пријавените основи (пол, род, религија и верско уверување и друго уверување)

и област (јавно информирање и медиуми) соодветно се силно изразени во вкупната статистика на пријавени основи и области за дискриминација во 2023 година, особено за претставките поднесени од физички лица.

## Пријавени основи на дискриминација

Во 2023 година КСЗД најмногу претставки прими заради дискриминација врз основа на пол (43,79 %), род (39,20 %), религија или верско уверување (38,43 %) и друго уверување (38,05 %). Потоа следуваат пријавите врз основа на национална или етничка припадност (17,59 %), лично својство и општествен статус (14,72 %) и политичко уверување (7,07 %). Во 61,57 % од претставките подносителите пријавиле дискриминација врз две и повеќе основи, 31,93 % биле пријави за дискриминација врз една основа, а во 6,50 % од претставките подносителите пријавиле дискриминација без да наведат ниту една основа. Целосниот преглед на бројот на предмети за секоја од пријавените основи на дискриминација е прикажан на Графикон 6[1].

Број на предмети за секоја од основите на дискриминација




Графикон 6

Во Табела 1 е прикажан бројот на предмети за секоја од пријавените основи на дискриминација според типот на подносител: физички лица, правни лица и КСЗД по службена должност. За физичките лица е даден преглед на бројот на предмети за пријавните основи според припадноста по пол.

1 Графиконот 6 прикажува во колку предмети била пријавена конкретната основа на дискриминација. Имајќи предвид дека во 322 предмети (61,57 %) била пријавена дискриминација врз повеќе основи, бројот на предмети за секоја од основите на дискриминација прикажани на Графиконот 6 ќе биде секогаш поголем од вкупниот број предмети за заштита од дискриминација. Со оглед дека истото тоа се повторува и кај областите и видовите дискриминација, оваа забелешка важи и за сите други статистички прегледи во овој Извештај што прикажуваат број на пријавени и утврдени случаи според дискриминаторските основи, области и видови дискриминација.

| Пријавена основа / Подносител | Физички лица | | | | Правни лица | КСЗД | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Друг пол | Не се изјаснил | | | |
| Раса | 3 | 3 | 0 | 1 | 7 | 0 | 14 |
| Боја на кожа | 1 | 0 | 0 | 2 | 3 | 0 | 6 |
| Потекло | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| Национална или етничка припадност | 15 | 19 | 0 | 20 | 38 | 0 | 92 |
| Пол | 125 | 79 | 0 | 7 | 17 | 1 | 229 |
| Род | 110 | 77 | 0 | 7 | 10 | 1 | 205 |
| Сексуална ориентација | 0 | 0 | 0 | 4 | 25 | 0 | 29 |
| Родов идентитет | 1 | 0 | 0 | 2 | 25 | 1 | 29 |
| Припадност на маргинализирана група | 2 | 1 | 1 | 2 | 24 | 0 | 30 |
| Јазик | 9 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 12 |
| Државјанство | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| Социјално потекло | 7 | 7 | 1 | 4 | 4 | 0 | 23 |
| Образование | 15 | 11 | 0 | 2 | 0 | 0 | 28 |
| Религија или верско уверување | 113 | 77 | 0 | 10 | 1 | 0 | 201 |
| Политичко уверување | 18 | 9 | 0 | 9 | 1 | 0 | 37 |
| Друго уверување | 113 | 78 | 0 | 6 | 2 | 0 | 199 |
| Попреченост | 5 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 7 |
| Возраст | 11 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 13 |
| Семејна или брачна состојба | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| Имотен статус | 2 | 8 | 1 | 2 | 5 | 1 | 19 |
| Здравствена состојба | 4 | 3 | 0 | 2 | 3 | 0 | 12 |
| Лично својство и општествен статус | 19 | 31 | 1 | 9 | 16 | 1 | 77 |
| Друга основа | 27 | 29 | 1 | 15 | 8 | 0 | 80 |

Табела 1

Од **постапките поведени по службена должност**, една е за дискриминација врз основа на јазик, втората е врз основа на пол и третата постапка е за дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и општествен статус и имотен статус.

## Пријавени области на дискриминација

Најмногу предмети за заштита од дискриминација пристигнати во 2023 година биле во областа на јавно информирање и медиуми (48,18 %). Потоа следуваат претставките во областите на работата и работните односи (24,86 %), образование, наука и спорт (8,03 %), пристап до добра и услуги (5,93 %), социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита (4,02 %), членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални и други организации засновани на членство (4,02 %), правосудство и управа (3,25 %), седум домување (1,34 %) и пет култура (0,96 %). Примени се и 25 претставки

за дискриминација во друга област (4,78 %), како и 10 претставки во кои подносителите не навеле ниту една од областите (1,91 %). Во 92,35 % од претставките подносителите пријавиле дискриминација во една област, додека 5,75 % биле пријави за дискриминација во две и повеќе области. Од претставките каде што се истакнува дека дискриминацијата била случена во повеќе области најчесто се наведуваат работата и работните односи, пристап до добра и услуги, потоа социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита и областа образование, наука и спорт. Вкупниот преглед на бројот на предмети во секоја од пријавените области е прикажан на Графикон 7.

Број на предмети за секоја од основите на дискриминација




Графикон 7

Во Табела 2 е прикажан бројот на предмети за секоја од пријавените области на дискриминација според типот на подносител: физички лица, правни лица и КСЗД по службена должност. За физичките лица е даден преглед на бројот на предмети за пријавните основи според припадноста по пол.

| Пријавена област / Подносител | Физички лица | | | | Правно лице | КСЗД | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Друг пол | Не се изјаснил | | | |
| Работата и работните односи | 43 | 42 | 1 | 37 | 7 | 0 | 130 |
| Образование наука и спорт | 20 | 8 | 0 | 7 | 5 | 2 | 42 |
| Социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита | 10 | 6 | 0 | 3 | 2 | 0 | 21 |
| Правосудство и управа | 4 | 8 | 0 | 3 | 1 | 1 | 17 |
| Домување | 4 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 7 |
| Јавно информирање и медиуми | 111 | 76 | 0 | 16 | 49 | 0 | 252 |
| Пристап до добра и услуги | 8 | 8 | 0 | 7 | 8 | 0 | 31 |
| Членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство | 5 | 11 | 0 | 3 | 2 | 0 | 21 |
| Култура | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| Други области | 2 | 12 | 0 | 5 | 6 | 0 | 25 |

Табела 2

Од постапките поведени по службена должност, две се во областа на образованието, науката и спортот и една во областа на правосудство и управа.

# Одлучување на Комисијата по предмети за заштита од дискриминација

Во 2023 година КСЗД работеше на вкупно 599 предмети за заштита од дискриминација, од кои 523 отворени во 2023 година и 76 предмети пренесени од претходната 2022 година. Комисијата одржа 31 седница на кои се **донесени 521 одлуки**, и тоа: 177 правни мислења и 344 заклучоци. Во однос на видот на одлуките, донесени се 59 мислења за утврдување дискриминација, 118 мислења за неутврдување дискриминација, 315 заклучоци за отфрлање на претставката и 29 заклучоци за неповедување, односно непостапување или запирање на постапката. На Графикон 8 е прикажан процентуалниот сооднос на донесените одлуки во 2023 година.




Графикон 8

Вкупниот број донесени одлуки за предмети за заштита од дискриминација во 2023 година е зголемен за 143,46 % во споредба со истиот во 2022 година, а споредено со 2021 година, зголемувањето е за 297,71 %. На Графикон 9 е даден преглед на бројот на одлуки во периодот 2021 – 2023 година.

Споредба на бројот на донесени одлуки 2021-2023 година




Графикон 9

На Графикон 10 е прикажан дополнителен преглед на бројот на донесени одлуки во 2023 година според основите утврдени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Одлуки на КСЗД по предмети за заштита од дискриминација




Графикон 10

# Утврдена дискриминација во 2023 година

Во 2023 година Комисијата донесе 59 мислења со кои се утврди дискриминација. Најмногу претставки за кои е утврдена дискриминација се поднесени од физички лица

(36 претставки или 61,02 %), потоа поднесени од правни лица (21 претставки или 35,59 %) и поведени од КСЗД по службена должност (две претставки или 3,39 %). **Дискриминацијата најчесто е утврдена во институции од јавниот сектор (55,93 %)**, и тоа како преку дејства на раководните и други овластени лица така и преку акти или прописи што ја уредуваат областа, односно надлежноста на институциите. На Графикон 11 е прикажан бројот на утврдени случаи на дискриминација во институциите од јавниот сектор според нивниот вид (и дејност).




Графикон 11

Дискриминација е утврдена и од страна на физички лица (20,34 %), потоа во правни лица од приватниот сектор (11,86 %) и други, во кои се вклучени здруженија и фондации, политички партии, приватна здравствена установа и спортска федерација (11,86 %).

## Видови дискриминација во случаите утврдени во 2023 година

Во Табела 3 се прикажани бројот на видовите дискриминација и бројот на нивните појавни форми и облици во донесените мислења на КСЗД во 2023 година.

| Видови дискриминација утврдени во мислењата на КСЗД | Вкупно мислења | Форми и облици на утврдените видови дискриминација | Вкупно мислења |
|---|---|---|---|
| Директна дискриминација | 24 | Директна дискриминација | 14 |
| | | Директна интерсекциска дискриминација | 3 |
| | | Директна повеќекратна дискриминација | 1 |
| | | Директна продолжена дискриминација | 4 |
| | | Директна продолжена и повеќекратна дискриминација | 1 |
| | | Дискриминација по перцепција | 1 |
| Директна дискриминација и виктимизација | 1 | Директна интерсекциска дискриминација и виктимизација | 1 |
| Директна дискриминација и вознемирување | 1 | Директна продолжена дискриминација и вознемирување | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Директна и индиректна дискриминација | 6 | Директна повеќекратна продолжена дискриминација и индиректна продолжена дискриминација | 1 |
| | | Директна продолжена дискриминација и индиректна дискриминација | 1 |
| | | Директна продолжена дискриминација и индиректна продолжена дискриминација | 3 |
| | | Директна продолжена интерсекциска дискриминација и индиректна продолжена интерсекциска дискриминација | 1 |
| Индиректна дискриминација | 4 | Индиректна дискриминација | 2 |
| | | Индиректна продолжена дискриминација | 1 |
| | | Индиректна продолжена интерсекциска дискриминација | 1 |
| Вознемирување | 18 | Вознемирување | 16 |
| | | Повторено и повеќекратно вознемирување | 1 |
| | | Продолжено интерсекциско вознемирување | 1 |
| Вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | 3 | Вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | 3 |
| Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | 2 | Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација | 2 |

Табела 3

Од Табелата 3 може да се види дека во 48 случаи (81,36 %) утврдена е дискриминација во еден конкретен облик, додека во другите 11 мислења (18,64 %) утврдено е истовремено присуство на повеќе видови дискриминација, или видови дискриминација што се создаваат како последица, или пак било утврдено дека, покрај кон подносителот на претставката, дискриминацијата се однесува и кон поголема група граѓани врз основа на истите заштитени карактеристики. Во утврдените 11 мислења такви се:

- шест случаи на утврдена директна дискриминација и индиректна дискриминација;
- три случаи на вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација;
- еден случај на директна дискриминација и вознемирување и
- еден случај на директна дискриминација и виктимизација.

Со цел да се добие податок кои видови дискриминација преовладуваат во утврдените мислења на КСЗД во 2023 година, податоците се прикажуваат од аспект на секој вид дискриминација одделно, односно во колку од мислењата тој вид дискриминација бил утврден. Преку примена на овој метод, се констатира дека **КСЗД во најголемиот број случаи во 2023 година утврдила директна дискриминација (32 случаи или 54,24 %)**, а потоа следува вознемирување (22 случаи или 37,29 %). Целосниот преглед е прикажан на Графикон 12.

Видови на утврдена дискриминација во 2023 година




Графикон 12

**Во 21 од случаите Комисијата утврди дискриминација од потежок облик**. Исто како и кај поединечните видови дискриминација, и во случајот со потешките видови дискриминација чест е наодот во мислењата на КСЗД да се утврди дискриминација од потежок облик во неколку форми. На пример, утврден е еден случај на директна повеќекратна продолжена дискриминација и индиректна продолжена дискриминација, потоа еден случај на директна продолжена интерсекциска дискриминација и индиректна продолжена интерсекциска дискриминација, еден случај на повторено и повеќекратно вознемирување, итн (Табела 3). Одделно приложени, со цел да се прикаже кои од потешките облици се најзастапени во мислењата на КСЗД донесени во 2023 година, е илустрирано на Графикон 13. Од Графиконот се гледа дека најчесто утврдени потешки облици се продолжената и интерсекциската дискриминација.

Потешки видови дискриминација утврдени во 2023 година




Графикон 13

## Основи на дискриминација во случаите утврдени во 2023 година

Во мислењата на Комисијата во 2023 година, **најчесто е утврдена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус (27,12 %)**, а потоа следуваат сексуална ориентација (18,64 %) и родов идентитет (18,64 %), национална или етничка припадност (15,25 %), политичко уверување (15,25 %), пол (13,56 %), припадност на маргинализирана група (13,56 %) и друга основа (10,17 %). Целосниот преглед на бројот на мислења во кои била утврдена секоја од основите на дискриминација е даден на Графикон 14.

Број на случаи со утврдена дискриминација за секоја од основите на дискриминација




Графикон 14

Од случаите на дискриминација врз друга основа, три се утврдени врз основа на бременост, а преостанатите се однесуваат на дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација, место на живеење и пристап до соодветно работно место.

Во 31 од донесените мислења (52,54 %) е утврдена дискриминација врз една основа, додека во преостанатите 28 случаи (47,46 %) Комисијата утврди дискриминација врз повеќе основи, од кои:

- 15 случаи на дискриминација врз две основи (25,42 %);
- девет случаи на дискриминација врз три основи (15,25 %)
- два случаи на дискриминација врз четири основи (3,39 %) и
- два случаи на дискриминација утврдена врз пет основи (3,39 %).

Од случаите на дискриминација врз повеќе од една основа, најчесто се утврдени сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, пол и национална или етничка припадност.

## Области на дискриминација во случаите утврдени во 2023 година

Во мислењата на Комисијата во 2023 година, **најчесто е утврдена дискриминација во областа на работата и работните односи (33,90 %)**, а потоа следуваат областите јавно информирање и медиуми (30,51 %), пристап до добра и услуги (13,56 %) и образование, наука и спорт (10,17 %). Во два од случаите КСЗД утврди дискриминација сторена во друга област – право на јавен собир и дејствување и работа на општински совет. Во два случаи Комисијата утврди дека дискриминацијата е сторена во две различни области: во првиот случај – дискриминација во областа на домување и дискриминација во областа на пристап

до добра и услуги, а во вториот – дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми и дискриминација во друга област: дејствување и работа на општински совет. Целосниот преглед на бројот на мислења во кои била утврдена дискриминација од аспект на областите е даден на Графикон 15.

Број на случаи на утврдена дискриминација за секоја од областите на дискримианција




Графикон 15

Во областа на **работата и работните односи**, најчесто утврдени основи на дискриминација се: лично својство и општествен статус (40 %), политичко уверување (30 %), бременост (15 %), пол (15 %) и образование (15 %). Најчесто е присутна како директна дискриминација (70 %), а утврдено е и вознемирување, индиректна дискриминација и виктимизација на работно место. Во 30 % од случаите утврдена е продолжена дискриминација, а во 10 % се утврди интерсекциска дискриминација на работно место.

Во однос на случаите на утврдена дискриминација во областа на **јавното информирање и медиуми**, 13 од нив (72 %) се однесуваат на вознемирувачки и/или говор со кој се предизвикува повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација на интернет-просторот. Од другите, три случаи се за објавени содржини на интернет-портали и два се за изјави со вознемирувачка содржина врз дискриминаторска основа дадени на ТВ-емисија. Како дискриминаторски основи најчесто се утврдени сексуална ориентација (61,11 %), родов идентитет (61,11 %), национална или етничка припадност (27,78 %) и припадност на маргинализирана група (22,22 %).

Дискриминацијата во **пристапот до добра и услуги** е утврдена како директна дискриминација во сите случаи, а во два од нив КСЗД утврди и индиректна дискриминација. Во 50 % од случаите истата е утврдена како дискриминација врз национална или етничка основа.

Преглед на случаите на утврдена дискриминација според областите, видовите и основите на дискриминација е даден на Табела 4.

<table>
<tr><th>Утврдени области</th><th>Вид дискриминација</th><th>Утврдена основа</th><th>Број на случаи</th></tr>
<tr><td rowspan="10">Јавно информирање и медиуми</td><td rowspan="5">Вознемирување</td><td>Национална или етничка припадност</td><td>4</td></tr>
<tr><td>Политичко уверување и друго уверување</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Припадност на маргинализирана група, родов идентитет, сексуална ориентација</td><td>3</td></tr>
<tr><td>Родов идентитет и сексуална ориентација</td><td>2</td></tr>
<tr><td>Сексуална ориентација</td><td>1</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација</td><td>Лично својство и општествен статус, пол, припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Родов идентитет и сексуална ориентација</td><td>2</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација</td><td>Родов идентитет</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Родов идентитет и сексуална ориентација</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Продолжено интерсекциско вознемирување</td><td>Пол, род, родов идентитет и сексуална ориентација</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Јавно информирање и медиуми и други области: дејствување и работа на општински совет</td><td>Повторено и повеќекратно вознемирување</td><td>Национална или етничка припадност, религија или верско уверување и друго уверување</td><td>1</td></tr>
<tr><td rowspan="6">Образование наука и спорт</td><td>Директна дискриминација</td><td>Јазик</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Директна повеќекратна дискриминација</td><td>Државјанство и здравствена состојба</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Директна повеќекратна продолжена дискриминација и индиректна продолжена дискриминација</td><td>Возраст и јазик</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Директна продолжена дискриминација</td><td>Лично својство и општествен статус</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Директна продолжена дискриминација и индиректна дискриминација</td><td>Лично својство и општествен статус</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Директна продолжена интерсекциска дискриминација и индиректна продолжена интерсекциска дискриминација</td><td>Возраст и попреченост</td><td>1</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Правосудство и управа</td><td rowspan="2">Директна дискриминација</td><td>Пол</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Политичко уверување</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Индиректна дискриминација</td><td>Имотен статус и социјално потекло</td><td>1</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Пристап до добра и услуги | Директна дискриминација | Боја на кожа и национална или етничка припадност | 1 |
| | | Имотен статус, национална или етничка припадност и припадност на маргинализирана група | 1 |
| | | Национална или етничка припадност и социјално потекло | 1 |
| | Директна интерсекциска дискриминација | Попреченост и друга основа: место на живеење | 1 |
| | Директна продолжена дискриминација и индиректна продолжена дискриминација | Лично својство и општествен статус | 2 |
| | Директна продолжена и повеќекратна дискриминација | Здравствена состојба и припадност на маргинализирана група | 1 |
| Домување и пристап до добра и услуги | Директна интерсекциска дискриминација | Национална или етничка припадност, пол, припадност на маргинализирана група, раса и семејна или брачна состојба | 1 |
| Работа и работни односи | Вознемирување | Лично својство и општествен статус | 2 |
| | | Образование, политичко уверување и друга основа: пристап до соодветно работно место | 1 |
| | | Политичко уверување | 2 |
| | Директна дискриминација | Здравствена состојба | 1 |
| | | Лично својство и општествен статус | 3 |
| | | Пол | 1 |
| | | Политичко уверување | 1 |
| | Директна интерсекциска дискриминација | Пол, род и друга основа: бременост | 1 |
| | Директна интерсекциска дискриминација и виктимизација | Лично својство и општествен статус, пол и друга основа: бременост | 1 |
| | Директна продолжена дискриминација | Возраст, лично својство и општествен статус и образование | 1 |
| | | Лично својство и општествен статус | 1 |
| | | Политичко уверување | 1 |
| | Директна продолжена дискриминација и вознемирување | Возраст и друга основа: бременост | 1 |
| | Директна продолжена дискриминација и индиректна продолжена дискриминација | Друга основа: нечленување во синдикална организација | 1 |
| | Дискриминација по перцепција | Политичко уверување | 1 |
| | Индиректна продолжена дискриминација | Образование | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Социјална сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита | Индиректна продолжена интерсекциска дискриминација | Лично својство и општествен статус, пол, припадност на маргинализирана група и род | 1 |
| Членување и дејствување во синдикални политички партии здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство | Директна дискриминација | Лично својство и општествен статус | 1 |
| | Индиректна дискриминација | Лично својство и општествен статус | 1 |
| Други области: Право на јавен собир | Директна дискриминација | Политичко уверување | 1 |

Табела 4

Во мислењата на КСЗД по претставки поднесени од физички лица што се изјасниле за нивната припадност по пол, 18 биле за случаи на дискриминација врз лица од женски пол и девет за случаи на дискриминација врз лица од машки пол. По еден од утврдените случаи е за дискриминација врз малолетник и малолетничка поднесени од нивните родители. Работата и работните односи е најчестата област на дискриминација утврдена и кај жените (10 од 18 случаи) и кај мажите (пет од девет случаи), а во однос на основите, дискриминација врз жените во најголем број случаи била утврдена врз основа на политичко уверување (шест случаи), пол (четири), лично својство и општествен статус (четири), возраст (три) и бременост (три), а кај мажите тоа се основите лично својство и општествен статус (три) и политичко уверување (два случаи).

# Општи препораки

Во 2023 година, во согласност со член 28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата по сопствена иницијатива упати четири општи препораки за случаи на дискриминација на поголем број лица:

1. **Општа препорака кон Министерство за правда и Управата за извршување на санкции за обезбедување задолжително образование во воспитно-поправните установи и казнено-поправните домови**

КСЗД во март 2023 година донесе општа препорака со која му препорачува на Министерството за образование и наука во соработка со Управата за извршување на санкции да обезбеди системски, одржлив и континуиран пристап до задолжително образование на сите осудени лица или деца за време на извршување на казната затвор или заводската мерка.

Основната функција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи е процесот на ресоцијализација на осудените лица. Целта на извршувањето на казната затвор е оспособување на осудените лица да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот. Целта на извршувањето на воспитните мерки е заштита, образование, воспитување и превоспитување, социјализација, помош и грижа за децата за да се обезбеди правилен развој на нивната личност. Оттука, пристапот до задолжително образование на сите осудени лица или деца на кои им е изречена заводска воспитна мерка – упатување во воспитно-поправен дом, е клучно за да се исполнат целите на затворската казна и извршувањето на воспитните мерки, а воедно и за исполнување на основната функција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

2. **Општа препорака со која им се препорачува на Управата за извршување на санкции и другите релевантни органи да обезбедат еднакво остварување на правото на прогресирање во установите на казнетиот систем на сите осудени лица без разлика на нивниот пол**

Во март 2023 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација усвои општа препорака насочена кон унапредување на правата на осудените лица од женски пол. Се препорачува Управата за извршување на санкции во соработка со другите релевантни органи, во казнените установи да обезбеди еднакво право на прогресирање во установите од казнениот систем на сите осудени лица без разлика на нивниот пол. КСЗД препорача да се подготви Акционен план со активности и буџетски извори за адаптација, реконструкција или изградба на полуотворени и отворени установи за жени осуденички. Оваа потреба е нужно предизвикана од фактот што жените осудени на казна затвор од целата територија на државата се упатуваат на издржување на казната затвор во КПУ „Идризово“, како единствената казнено-поправна установа во државата каде што постои посебно одделение за жени.

Земајќи ја предвид важечката регулатива, односно фактот што жените својата казна затвор може да ја издржуваат единствено во КПУ „Идризово“, установа што е од затворен вид, се доаѓа до заклучок дека женските осудени лица се ставени во понеповолна положба во однос на машките осудени лица. Истото тоа беше утврдено со Мислење бр. 08-69/7 од 20.3.2023 година на КСЗД.

3. **Општа препорака за бесплатен јавен превоз за студентите во приватните универзитети**

КСЗД во јуни 2023 година упати општа препорака со која им препорачува на Владата на РСМ и Министерството за образование и наука да обезбедат системски, одржлив и континуиран пристап до правото на користење бесплатен јавен превоз на редовните студенти запишани на додипломски студии на приватните универзитети во државата, на еднаква основа со редовните студенти запишани на додипломски студии на државните универзитети.

КСЗД препорачува Владата на РСМ во иднина да го почитува и промовира правото на еднаквост на сите лица или групи лица при процесот на креирање и спроведување мерки, активности и политики во сите области.

4. **Општа препорака за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување за отстранување нееднаков третман кон индивидуалните земјоделки во остварување право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство и привремена спреченост за работа поради болест**

КСЗД во ноември 2023 година упати општа препорака со која му препорачува на Собранието на РСМ да изгласа измени и дополнувања на член 14 од Законот на здравствено осигурување, така што ќе предвиди право на надоместок за време на привремена спреченост за вршење земјоделска дејност поради бременост, раѓање и мајчинство за индивидуални земјоделки, како здравствени осигуренички, со цел отстранување нееднаков третман кон индивидуалните земјоделки – здравствени осигуренички во остварување на правата од здравствено осигурување – право на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Воедно, на Собранието на РСМ му се препорачува да изгласа измени и дополнувања на член 13 од Законот на здравствено осигурување, така што ќе го предвиди правото на надоместок за време на привремена спреченост за вршење земјоделска дејност поради болест и повреда, за индивидуалните земјоделци/ки како здравствени осигуреници/чки со цел отстранување нееднаков третман кон индивидуалните земјоделци/ки – здравствени осигуреници во остварување на правата од здравствено осигурување – право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест.

## Статус на исполнување на препораките на Комисијата

Во согласност со член 21 став 1 точка 17 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација сѐ до исполнување на дадените препораки. Лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката или во подолг рок доколку постојат особено оправдани причини, но не подолго од шест месеци, како и за тоа да ја извести Комисијата.

Во извештајниот период, Комисијата констатира дека се исполнети препораките, односно **отстранета е дискриминацијата во вкупно 24 случаи**, од кои 19 се однесуваат на препораки упатени во 2023 година и пет за препораки упатени во 2022 година, а чиј рок за постапување истекуваше во 2023 година.

Комисијата продолжува да го следи извршувањето на препораките и за преостанатите препораки чиј рок за постапување истекува во 2024 година.

## Барања за покренување прекршочна постапка

Во согласност со член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката, Комисијата поднесува барање за покренување прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

**Во 2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесе 14 барања за поведување прекршочни постапки** против утврдени дискриминатори, кои во законски предвидениот рок не постапиле по препораките на Комисијата. Од нив, четири се отфрлени со решенија на надлежните судови, за едно судот се прогласи за месно ненадлежен и за едно судот ја прекина постапката поради кривична постапка. За другите осум барања постапката е во тек.

Во април 2023 година Основниот суд во Гостивар донесе пресуда со која го прогласи за виновен градоначалникот на Општина Гостивар затоа што во определениот рок на го извршил Мислењето со препорака на КСЗД бр. 08-47/9 од 8.3.2022 година и изрече прекршочна санкција – опомена.

Во текот на 2023 година се одржани рочишта во надлежни судови за прекршоци и за други четири постапки по барања што КСЗД ги поднесе во претходната 2022 година. Тие се во тек.

# Учество на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како „пријател на судот“ (amicus curiae) во судска постапка за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis)

Во март 2023 година КСЗД доби Известување од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП дека **Пресудата на ЕСЧП во случајот за сегрегација на ученици Роми во ООУ „Ѓорѓи Сугарев“ – Битола и ООУ „Гоце Делчев“ – Штип донесена на 13 декември 2022 година стана конечна на 13 март 2023 година**. Со неа се утврди сегрегација при запишување ученици во основно образование во соодветните општини и ја задолжи државата на секое домаќинство (родители и нивни деца ученици) да му исплати износ од 1 200 евра. За оваа пресуда КСЗД извести во Годишниот извештај за 2022 година, при што се истакна дека удел во неа имаат и донесените мислења на КСЗД по претставки за двата случаи во кои се утврди индиректна дискриминација врз етничка основа со која се предизвикува сегрегација во споменатите училишта (февруари и април 2022 година, соодветно), како и општата препорака, која КСЗД ја упати до релевантните институции на државно и локално ниво и засегнатите училишта да обезбедат построга и поконзистентна примена на одлуките за реонизација што би ја намалила сегрегацијата на Ромите, кои се цитирани во Пресудата.

**За случајот за сегрегација на учениците Роми во основното образование во 2023 година продолжи судската постапка по тужба од јавен интерес (actio popularis) пред Основниот граѓански суд Скопје поведена од Хелсиншкиот комитет за човекови права – Скопје, која започна во 2022 година, а во која КСЗД дејствува како пријател на судот (amicus curiae).** Тужбата е поднесена против Владата на РСМ, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Државниот просветен инспекторат, Општина Битола и Општина Штип заради утврдување дека сториле дискриминација – сегрегација врз децата Роми во образовниот процес поради непреземање соодветни активности за уредување на начинот на реонизација со цел избегнување можна сегрегација, потоа за контрола на одлуките за реонизација донесени од општините, за начинот на спроведување на овие одлуки во практика и за начинот на запишување на децата Роми во училиштата.

**Во декември 2023 година, Апелациониот суд Скопје ја потврди пресудата на Основниот граѓански суд Скопје, со која е утврдено дека Владата на Република Северна Македонија и Државната изборна комисија (ДИК) сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас**. Судот утврди дека директната дискриминација е сторена со непреземање, односно со пропуштање да се преземат дејства за приспособување на инфраструктурата и просторот до и во дел од избирачките места и го повредиле начелото на соодветно приспособување. На овој начин, тужените оневозможиле лицата со попреченост да го остварат нивното право на глас, а со тоа го попречиле и активното учество на лицата со попреченост во политичкиот живот на државата.

Судот ги задолжи Владата и Државната изборна комисија, до распишување на следните избори, на избирачките места каде што досега тоа не е овозможено, да обезбедат:

- пристапност, рамни патишта, паркинг-места соодветно обележани со боја со висок контраст, поставување знаци и бројки на видно место во поголем формат со висок контраст или звучна сигнализација до избирачките места;
- пристапност до просторијата за гласање преку поставување гелендери покрај

скалилата и ѕидовите, инсталирање пристапни рампи, рачни шини, пошироки влезови, пристапен лифт или платформи што се на нивоа и со скалила;
- пристапност во просторијата за гласање, нејзино еднакво осветлување, прераспределба на мебелот поради поголема можност за движење; поставување соодветно приспособени паравани за гласање и поставување на кутијата за гласање на соодветна висина за лица со физичка попреченост.

Ваквата судска завршница следува откако Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis), а КСЗД се јави како замешувач во судска постапка, односно како пријател на судот (amicus curiae).

Со оваа одлука, судот потврдува дека, при спроведување на законот и изборниот процес, Владата и ДИК се должни да овозможат непречен, соодветен пристап до избирачките места за лицата со попреченост, со цел овие лица да го остварат правото на глас на еднаков начин како и другите; потврдува и дека тужените органи се должни да ги почитуваат соодветните законски одредби поврзани со изборниот процес и ратификуваните конвенции и во рамките на своите надлежности да преземат дејства за соодветно приспособување и пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите на овие лица.

Судот уште еднаш го потенцира утврдениот принцип на соодветно приспособување како посебен облик на дискриминација, дефиниран со Законот за спречување и заштита од дискриминација и оценува дека соодветното приспособување во коректниот случај е неопходно за обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост на еднаква основа со другите, и дека ваквиот начин на соодветно приспособување што е побаран со тужбата не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување за тужените.

# УЧЕСТВА НА НАСТАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА КСЗД

## Седма регионална конференција на телата за еднаквост на Југоисточна Европа

На Меѓународниот ден на толеранцијата, 16 ноември, Белград беше домаќин на Седмата регионална конференција на институциите за еднаквост во Југоисточна Европа.

На Конференцијата учествуваа лидери и претставници на институции за еднаквост од Албанија, Хрватска, Црна Гора, Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Словенија, како и претставници на невладиниот сектор, меѓународни организации и научни институции.

Конференцијата оваа година беше посветена на борбата против дискриминацијата на старите лица, со цел да се испитаат и предложат конкретни начини на дејствување на телата за еднаквост, како и на другите општествени чинители, за создавање услови за еднаков третман и квалитетен живот за постарите лица.

Свое излагање имаше претседателот на КСЗД Игор Јадровски, кој пред другите учесници на Конференцијата ги сподели искуствата и добрите практики на Комисијата во превенцијата и заштитата од интерсекциска дискриминација врз возрасни жени.

Работниот дел на Конференцијата се одвиваше преку панели посветени на предизвиците на староста, повеќекратната дискриминација врз основа на возраста, како и проблемите со кои се соочуваат постарите жени.

## Обуки и отворени средби со граѓаните, граѓанскиот сектор и локалните институции

Со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, и во 2023 година се одржаа отворени средби под мотото **„Препознај, пријави, спречи дискриминација“** во девет општини, и тоа во: Крива Паланка, Гостивар, Гевгелија, Кавадарци, Берово, Прилеп, Шуто Оризари, Струга и во Скопје. Овие средби се дел од активностите што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги презема во насока на приближување на својата работа до граѓаните и за зголемување на нејзината транспарентност. На нив граѓаните имаат можност, преку директна комуникација со членови и вработени во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, да се запознаат со надлежностите и начинот на работа на ова независно институционално тело задолжено за промоција на еднаквоста, унапредување на човековите права и спречување и заштита од секаков вид дискриминација. Истовремено, овие средби нудат дополнителна можност за продлабочување на соработката со граѓанскиот сектор и институциите на локално ниво, заради навремено препознавање на сите облици на дискриминација, како и унапредување на меѓусебната комуникација и соработка, со цел за нејзино ефикасно сузбивање.

Во соработка со Мрежата за заштита од дискриминација, КСЗД реализираше обуки и трибини во Велес, Градско, Крива Паланка, Делчево и Охрид за запознавање со механизмите

за спречување и заштита од дискриминација, законската и институционалната рамка и спроведување на истата на локално ниво. Тие се реализираа како дел од проектот **„Видливи, здружени и гласни – Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка“**, спроведуван од страна на Коалицијата „МАРГИНИ“, Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет за човекови права, „ЛАГ Вардар Леадер“ и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а во рамки на програмата „Цивика Мобилитас“. На нив присуствуваа претставници на општини (координатори за еднакви можности или други лица вработени во општината), претставници на подрачните одделенија на Министерството за правда, кои даваат бесплатна правна помош и претставници на здруженија на граѓани што работат на локално ниво. Преку овие настани учесниците се стекнуваат со знаења за видовите и основите на дискриминација, постапката за заштита од дискриминација пред Комисијата, обврските на локалната самоуправа од Законот за спречување и заштита од дискриминација и улогата на подрачните одделенија на Министерството за правда во однос на обезбедување правна помош на жртвите на дискриминација. Целта на обуките е воспоставување соработка помеѓу институциите на локално ниво во однос на спроведување активности за превенција од дискриминација и во однос на овозможување заштита од дискриминација на граѓаните на локално ниво.

Во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, КСЗД во периодот од 5 до 7 јуни 2023 година одржа **обука за „Тестирање ситуација“**, во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Обуката беше наменета за граѓански организации што работат на ромски прашања, особено на стратегиски судски спорови и креирање политики. Целта на обуката е да го прошири и зајакне теоретското и практичното знаење во однос на „Тестирање ситуација“ како метод за докажување дискриминација, преку вклучување организирани тестери што делуваат во споредбена ситуација за да ја истражат појавата на дискриминација во различни предмети, процеси и области врз која било дискриминаторска основа. Поголемиот број граѓански организации со стекнат капацитет да спроведуваат тестирање на ситуацијата ќе резултира со поголем број стратегиски претставки за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност кон Ромите.

## Едукативни модули за деца и млади

Во рамки на проектот „Борба против дискриминација преку поддршка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација“ поддржан од Британската амбасада во Скопје и имплементиран од страна на Центарот за управување со промени (ЦУП) беа изработени едукативни модули наменети за деца и млади од шест до 14 години. Тие се објавени и јавно достапни на **www.sitesmeednakvi.mk**.

## Советодавен одбор за образование

Во рамки на проектот „Квалитетно образование за сите“ беше формиран Советодавен одбор составен од претставници од Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, Државниот испитен центар, Институтот за педагогија, Центарот за стручно образование и обука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Советот на Европа.

Овој проект има за цел да ги промовира демократијата и човековите права во образованието со користење сеопфатен сет на иницијативи на политичко и локално

ниво, со цел да ги подготви младите со потребните вештини за живот во мултикултурно општество.

Проектот што ќе трае три години е имплементиран од Советот на Европа во соработка со Министерството за образование и наука, а финансиран е од Германија.

# Студиски посети на КСЗД

Во 2023 година со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје беа реализирани две студиски посети наменети за членовите на КСЗД и вработените во Стручната служба:

- Студиска посета во Белград, Србија со фокус на водење стратегиски судски постапки за случаи на дискриминација и нивното исклучително значење за унапредување на еднаквоста;
- Студиска посета во Загреб, Хрватска со фокус на процесирање на претставки, судски случаи, прибирање податоци за дискриминација, како и предизвиците и добрите практики на телата за еднаквост во ЕУ пристапниот процес.

# Барометар за еднакви можности

Во ноември 2023 година е објавен Извештајот **Барометар за еднакви можности** чии издавачи се Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Мисијата на ОБСЕ Скопје. Во извештајот се анализирани наодите од анкетата спроведена во периодот мај – јуни 2023 година на национален репрезентативен примерок за население на возраст над 15 години, користејќи метод на анкетирање „лице в лице“ во домот на испитаникот/чката и опфати 1 608 испитаници.

Истражувањето од 2023 година покажува дека, според перцепцијата на јавноста, дискриминацијата е повеќекратно пораспространета во однос на перцепцијата дека дискриминацијата отсуствува. Дискриминацијата врз основа на политичка и етничка припадност се смета дека е најраспространета. Овој наод е тесно поврзан со перцепцијата на испитаниците/чките дека одлучувачки фактор што ги става кандидатите/ките со еднакви вештини и квалификации во нееднаква позиција при вработување е токму нивната политичка и етничка припадност.

Податоците за личните искуства со дискриминацијата покажуваат дека секој/а трет/а испитаник/чка изјавува дека бил/а жртва на дискриминација, а четири од десет испитаници се јавиле како сведоци на дискриминација. Резултатите покажуваат дека испитаниците што биле дискриминирани во последните 12 месеци најчесто биле дискриминирани во јавниот простор и додека барале работа или биле на работа. Секој/а петти/а испитаник/чка изјавил/а дека бил/а дискриминиран/а од здравствен персонал.

Поразувачки е податокот дека мнозинството на испитаници/чки не ги знаат своите права во случаите кога се жртви на дискриминација. Мнозинството од испитаниците/чките изјавиле дека би побарале заштита од релевантни институции доколку бидат жртва на дискриминација или вознемирување. Но, една третина (33 %) не би пријавиле.

Мнозинство од 73 % од испитаниците сметаат дека не се вложуваат доволно напори за борба против дискриминацијата, а има и уназадување во последните пет години иако има нов Закон за спречување и заштита од дискриминација и Национална стратегија за справување со дискриминацијата.

# Стратегија за превенција на структурната дискриминација и промоција на принципот на еднаквост на КСЗД

Во 2023 година е донесена **Стратегија за превенција на структурната дискриминација и промоција на принципот на еднаквост на КСЗД** со која се идентификуваат причините за одделни облици на структурна дискриминација; на кои начини структурната дискриминација може да се препознае и што може КСЗД да направи во насока на спречување на дискриминацијата, но и промоција на принципот на еднаквост во своето работење и функционирањето на другите институции. Комисијата преку оваа стратегија се стреми дискриминацијата да не ја третира исклучиво како отсуство на еднаков третман, туку како суштествена и структурна нееднаквост. Стратегијата, врз основа на анализа на состојбите, досегашната работа на КСЗД и наодите од дискусиите со одделни ранливи групи, нуди конкретни активности, кои заедно со другите институции ќе ги направат видливи правните проблеми што произлегуваат од длабоко вкоренетата институционална предрасуда кон одредена група или поединец. Стратегијата за превенција на структурната дискриминација и промоција на принципот на еднаквост на КСЗД е подготвена во рамки на проектот „Борба против дискриминација преку поддршка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација“, финансиран од Владата на Обединетото Кралство, преку Амбасадата на Велика Британија во Скопје, а имплементиран од Центарот за управување со промени.

# Водич за преминување на товарот на докажување на КСЗД

Во март 2023 година се објави **Водичот за преминување на товарот за докажување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација** што се изработи во рамките на проектот „Зајакнување на владеењето на правото и човековите права во Република Северна Македонија II“ поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Тој има за цел да го појасни процесно-правниот институт на преминување на товарот на докажување во постапката пред Комисијата и во судска постапка со цел за ефикасна примена на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Водичот ги појаснува значењето, опсегот, отворените прашања и дискусиите за овој правен институт, и дава примери од практиката на Судот на правдата на Европската Унија и Европскиот суд за човекови права, како и некои компаративни практики од европските држави, а со цел да им помогне на правните практичари и практичарки а посебно на КСЗД во неговото разбирање и применување. Исто така, во Водичот се истакнуваат и позитивни примери од практиката на КСЗД преку илустрација на преминувањето на товарот на докажување.

Водичот за преминување на товарот на докажување треба да служи како помагало за негово разбирање и нема за цел да даде негова сеопфатна теоретска разработка, туку да

укаже на најдобрите начини на примена на преминувањето на товарот на докажување во практиката. Истовремено, тој остава простор за флексибилност и еволутивно толкување на овој институт од страна на КСЗД, како и другите правни практичари и практичарки.

## Придонес на КСЗД кон спроведување на Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022 – 2024

Во август 2023 година КСЗД објави повик за јавна консултација за дискриминација во област работа и работни односи. Целта на овој повик е да се добијат информации и приберат податоци за искуства и ставови за дискриминаторските практики што се присутни во нашето општество во областа работни односи на кој било основ на дискриминација, како и за спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД) и другите закони што важат во областа работа и работни односи што се на сила, а што ја опфаќаат и заштитата од дискриминација (на пример, Законот за работните односи, Законот за вработување на инвалидни лица, итн.).

КСЗД со повикот упати охрабрување на овие јавни консултации да дадат придонес жените Ромки, како и правните лица што работат со Роми (особено со жени Ромки, ЛГБТИК Ром(к)и и Ром(к)и со попреченост), како и жените (цис и транс жените) и правните лица што работат со родова еднаквост, лицата со попреченост и правните лица што работат со лица со попреченост (особено жените со попреченост, ЛГБТИК лицата со попреченост, лицата од помалите етнички заедници со попреченост) и/или со ЛГБТИК лицата и правните лица што работат со ЛГБТИК лица (особено транс лицата, ЛГБТИК лицата Ром(к)и или ЛГБТИК лицата од помалите етнички заедници и ЛГБТИК лицата со попреченост).

Прибраните искуства, сознанија, податоци и публикации ќе бидат искористени од КСЗД за:

- Изработка на тематски извештај за дискриминацијата во оваа област (чл.21(1-5), ЗСЗД);
- Упатување на општи препораки (член 28, ЗСЗД);
- Иницирање измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација (чл.21 (1-10, ЗСЗД); и
- Планирање и спроведување активности за реализација на стратегиската цел 4 „Зголемена јавна свест во однос на начините на превенција и заштита од дискриминација“ од Стратешкиот план на КСЗД за периодот 2024 – 2028.

Овој повик е дел од активностите со кои КСЗД придонесува кон спроведувањето на Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022 – 2024. Стратегиската цел на овој план е унапредена интерсекциска правда, односно еднаков и правичен пристап до права, можности, ресурси и моќ во општеството, за жените и девојчињата Ромки. Овој тематски извештај е предвиден како „А.1.1.3. Изработен тематски извештај за сузбивање на интерсекциска дискриминација во вработувањето со фокус на дискриминаторските практики во вработувањето кон Ромките.“ Изработката на истиот е поддржана од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ целосно финансиран од Европската Унија.

# Меморандуми за соработка со институции и организации

Во 2023 година КСЗД ја продолжи и продлабочи соработката со државни институции и организации од граѓанскиот сектор и во таа насока се потпишани **11 нови меморандуми за соработка, и тоа**:

1. Во февруари 2023 година КСЗД потпиша меморандум за соработка со **Мрежата за заштита од дискриминација** со цел воспоставување одржлива соработка помеѓу двете страни заради унапредување на спречувањето на дискриминација, промоција на принципот на еднаквост, инклузивност и недискриминација. Соработката вклучува промоција на принципот на еднаквост на локално ниво, унапредување на капацитетите на КСЗД, унапредување на пристапот до механизмите за заштита од дискриминација, подигнување на свеста за правото на еднаквост и застапување за отстранување на различните форми на структурна дискриминација.
2. Во февруари 2023 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација склучи меморандум за соработка со **Меѓународната организација за миграции (ИОМ) Мисија во Република Северна Македонија** во насока на воспоставување општа рамка за координација и меѓусебна соработка во имплементирање активности во областите од надлежност на ИОМ (како што се: промовирање еднаквост и спречување и борба против нееднаквостите и дискриминацијата на ромската заедница и други ранливи групи, поддршка, унапредување и спроведување сеопфатни политики за борба против расизмот, ксенофобија и сите форми на нетолеранција, подигање свест, миграција на работната сила, намалување на сиромаштијата, промоција на економскиот раст и други релевантни области); потоа консултации помеѓу КСЗД и ИОМ за стратегиите и плановите за помош што се релевантни за областите што се во надлежност на ИОМ; и истражувачки студии за прашања што се од заеднички интерес.
3. Во март 2023 година КСЗД потпиша меморандум за соработка со **Народен правобранител** во насока на остварување на човековите права и слободи, во согласност со надлежностите што се утврдени со Законот за народниот правобранител и Законот за спречување и заштита од дискриминација. КСЗД и омбудсманот заеднички ќе преземаат едукативни активности и соодветни истражувања за промоција на принципот на еднаквост и начелата на недискриминација, ќе соработуваат при организирање јавни дебати, работилници, конференции и кампањи и други едукативно-промотивни настани, со цел подигање на свеста кај јавноста. Меѓусебно стручно ќе соработуваат при постапување по претставки и конкретни случаи на дискриминација, како и ќе разменуваат достапни информации, мислења и препораки од областа на еднаквоста и заштитата од недискриминација.
4. Во април 2023 година КСЗД потпиша меморандум за соработка со **Мрежата за заштита од дискриминација и со Здружението за помош и ресоцијализација на зависници и други маргинализирани и стигматизирани социјални групи Опција Охрид** во врска со реализација на активностите од проектот „Видливи, здружени и гласни – Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка", и тоа: унапредување на пристапот до заштита од дискриминација на локалното население преку мултисекторска соработка во Полошкиот Регион; обука за локални ГО, општини и подрачни одделенија на МП за заштита од дискриминација; одржување отворен ден за бесплатна правна помош за препознавање дискриминација и работата на МЗД и КСЗД; одржување трибина, презентација, средби за правни совети и мотивирање на граѓаните од маргинализираните заедници за документирање и пријавување случаи на дискриминација и други активности.

5. Во мај 2023 година Комисијата склучи меморандум за соработка со **Народната банка** со кој се овозможува размена на искуства и знаења, добри практики, како и стручна консултација за прашања од интерес. Меморандумот има за цел да ги промовира еднаквоста и недискриминацијата, да ги зајакне институционалните капацитети и меѓусебната поддршка и да поттикне заеднички иницијативи во областа на еднаквоста и недискриминацијата. Спроведувањето на одредбите на Меморандумот е значајно за двете институции, со оглед на тоа дека директната и отворена соработка ќе придонесе за унапредување на примената на принципите на еднаквост и недискриминација. За спроведување на Меморандумот се предвидени обуки за прашањата поврзани со дискриминаторските практики и трендови, заради јакнење на капацитетите на вработените и спречување на дискриминацијата.
6. Во мај 2023 година КСЗД склучи меморандум за соработка со **Мрежата за заштита од дискриминација, Здружението за рурален развој „ЛАГ ВАРДАР ЛЕАДЕР“** и Здружение за рурален развој „ЛАГ АГРО ЛИДЕР“ во врска со реализација на активностите од проектот „Видливи, здружени и гласни – Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка“, и тоа: унапредување на пристапот до заштита од дискриминација на локалното население преку мултисекторска соработка во Пелагонискиот Регион; обука за локални ГО, општини и подрачни одделенија на МП за заштита од дискриминација; одржување отворен ден за бесплатна правна помош за препознавање дискриминација и работата на МЗД и КСЗД; одржување трибина, презентација, средби за правни совети и други активности.
7. Во јуни 2023 година КСЗД потпиша меморандум за соработка со **Мрежата за заштита од дискриминација и со Невладина организација „КХАМ“ Делчево** во врска со реализација на активностите од проектот „Видливи, здружени и гласни – Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка“, и тоа: унапредување на пристапот до заштита од дискриминација на локалното население преку мултисекторска соработка во Источниот Регион; обука за локални ГО, општини и подрачни одделенија на МП за заштита од дискриминација; одржување отворен ден за бесплатна правна помош за препознавање дискриминација и работата на МЗД и КСЗД; одржување трибина, презентација, средби за правни совети и други активности.
8. **Во јуни 2023 година КСЗД склучи меморандум за соработка со Мрежата за заштита од дискриминација и со Општина Градско** во врска со реализација на активностите од проектот „Видливи, здружени и гласни – Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка“, и тоа: унапредување на пристапот до заштита од дискриминација на локалното население преку мултисекторска соработка во Вардарскиот Регион; обука за локални ГО, општини и подрачни одделенија на МП за заштита од дискриминација; одржување отворен ден за бесплатна правна помош за препознавање дискриминација и работата на МЗД и КСЗД; одржување трибина, презентација, средби за правни совети и други активности.
9. Во јуни 2023 година КСЗД потпиша меморандум за соработка со **Мрежата за заштита од дискриминација и со Општина Радовиш** во врска со реализација на активностите од проектот „Видливи, здружени и гласни – Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка“, и тоа: унапредување на пристапот до заштита од дискриминација на локалното население преку мултисекторска соработка во Југоисточен Регион; обука за локални ГО, општини и подрачни одделенија на МП за заштита од дискриминација; одржување отворен ден за бесплатна правна помош за препознавање дискриминација и работата на

МЗД и КСЗД; одржување трибина, презентација, средби за правни совети и други активности.

10. Во јуни 2023 година КСЗД потпиша меморандум за соработка со **Мрежата за заштита од дискриминација и со Здружение за рурален развој „ЛАГ Осоговски Лисец“ Ранковце** во врска со реализација на активностите од проектот „Видливи, здружени и гласни – Акција за еднаквост и недискриминација преку учество и мултисекторска соработка“, и тоа: унапредување на пристапот до заштита од дискриминација на локалното население преку мултисекторска соработка во Североисточниот Регион; обука за локални ГО, општини и подрачни одделенија на МП за заштита од дискриминација; одржување отворен ден за бесплатна правна помош за препознавање дискриминација и работата на МЗД и КСЗД; одржување трибина, презентација, средби за правни совети и други активности.
11. Во август 2023 година КСЗД и **Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** потпишаа меморандум за соработка особено во насока на спречувањето дискриминација во програмите на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на платформите за споделување видеа. Соработката ќе се реализира при конкретни случаи на поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза во програмите при кои, за поголема ефикасност, Агенцијата ќе постапува кон давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и кон платформите за споделување видеа, а Комисијата кон медиумските работници. Посебно внимание ќе биде посветено на промовирање на слободата на изразување, унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација, заштита на интересите на корисниците на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поттикнување на медиумската писменост, организирање работилници, семинари, кампањи од јавен интерес и сл., како и поттикнување на културата на јавен дијалог меѓу граѓаните, со цел зацврстување на заемното разбирање и толеранција за унапредување на односите меѓу различните заедници.

# МЕЃУНАРОДНО ИЗВЕСТУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ

## Придонес кон изготвување на годишниот извештај на Република Северна Македонија до Европската комисија

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација континуирано и во текот на 2023 година учествуваше во процесот на подготовка на придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија, во делот на Поглавјето 19 Социјална политика и вработување и Поглавјето 23 Правосудство и темелни права. Материјалот што го подготвуваше Комисијата се однесува на недискриминација и родова еднаквост во работните односи и недискриминација и промоција на еднаквост во полето на темелните права, од аспект на функционирање и имплементација на законските надлежности на Комисијата во овие области. Воедно, Комисијата во 2023 година беше активна во процесот на подготовка на материјали и учество на 19-тиот Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика.

## Придонес кон Петтиот извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација учествуваше во изработката на Петтиот извештај на Република Северна Македонија по Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (CESCR). Во својот придонес Комисијата информираше за неусогласеноста на поставеноста на Комисијата со Париските принципи, во смисла немање финансиска независност. Комисијата извести дека втората одредба од делот на Париските принципи што се однесува на Состав и гаранции за независност и плурализам се пропишува дека националните институции треба да имаат инфраструктура што е погодна за непречено спроведување на нивните активности, особено соодветно финансирање. Целта на ова финансирање е да им се овозможи на националните институции да имаат свој персонал и простории, со цел да биде независна од Владата и да не биде предмет на финансиска контрола што може да влијае на нејзината независност. Моменталното финансиско работење и буџетирање на Комисијата за спречување и дискриминација е директно зависно од Министерството за финансии како дел од извршната власт, односно Владата. Комисијата не може независно да го предложи својот буџет, не може независно да располага со својот буџет, ниту може независно да го зголемува својот персонал, во согласност со систематизацијата на работни места, без директно одобрение на Министерството за финансии. Ваквата практика е директно кршење на принципот што се однесува на финансиска независност на националните институции за човекови права. Дополнително, Комисијата не го предлага буџетот до Собранието, како што е пропишано во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Комисијата го доставува својот предлог-буџет до Министерството за финансии, кое без претходни консултации со Комисијата го менува во смисла на износ на средства и распределба на средствата по раздели и како таков го доставува до Собранието. Покрај тоа што претставува директно

кршење на законски утврдената постапка за предлагање на буџетот на Комисијата и е директно кршење на финансиската независност во работењето, ваквата практика најчесто доведува до гласање на буџети што не одговараат на реалните потреби на Комисијата.

# ПРИСУСТВО НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО МЕДИУМИТЕ

Во текот на 2023 година, КСЗД продолжи со своето активно присуство во медиумите, за што, според Барометарот за еднакви можности, говорат зголемениот рејтинг и довербата стекната кај граѓаните воопшто.

Значаен интерес кај медиумите и јавноста предизвика **конференцијата во организација на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одржана во февруари на тема: „Дали Република Северна Македонија е фер земја**? Како институциите заеднички да ја унапредат борбата против дискриминацијата?" Беше објавено дека, според истражувањето на ЦУП, најчест облик на дискриминација во областа на работата и вработувањето е дискриминацијата врз основа на политичка припадност. Изјави во медиумите имаа учесниците на конференцијата, претседателот Стево Пендаровски, министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска, народниот правобранител Насер Зибери, претседателот на КСЗД Исмаил Камбери, амбасадорот на Обединетото Кралство Метју Лосон и извршната директорка на ЦУП Неда Малеска-Сачмароска.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Мрежата за заштита од дискриминација во април одржаа **прес-конференција** на која беше презентирано донесеното мислење од КСЗД за утврдена дискриминација при остварување на правото платено породилно отсуство и правото на платено боледување кај индивидуалните земјоделки и земјоделци. Интересот кај медиумите и јавноста се зголеми по донесената општа препорака со која Комисијата на Собранието на Република Северна Македонија му препорача да изгласа измени и дополнувања на чл. 14 од Законот на здравствено осигурување, така што ќе предвиди право на надоместок за време на привремена спреченост за вршење на земјоделската дејност поради бременост, раѓање и мајчинство за индивидуалните земјоделки и измени и дополнувања на чл. 13 од Законот на здравствено осигурување, така што ќе го предвиди правото на надоместок за време на привремена спреченост за вршење на земјоделската дејност поради болест и повреда, за индивидуалните земјоделци/ки како здравствени осигуреници/чки со цел отстранување на нееднаквиот третман кон индивидуалните земјоделци/ки – здравствени осигуреници/чки во остварување на правата од здравственото осигурување – право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест.

Особено актуелен во јавноста беше случајот кога КСЗД утврди дека Министерството за образование и наука прави **системска дискриминација** на учениците со необезбедувањето една третина од потребните учебници по сите наставни предмети и на сите наставни јазици во Р С Македонија за учебната 2023/2024 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во мислењето по претставка од родител на средношколец со попреченост, констатираше **директна продолжена интерсекциска дискриминација кон ученикот од страна на МОН**, како потежок облик на дискриминација. Воедно, Комисијата утврди и индиректна дискриминација на средношколците со попреченост во Законот за средно образование што не предвидува концепт на инклузија, како и на образовна асистенција на учениците со попреченост, со

што оневозможува квалитетно образование на еднаква основа со средношколците што немаат потреба од асистенција или поддршка во образовниот процес.

Довербата во КСЗД, преку медиумите, се зголеми и кај помладата популација, кога беше утврдена **дискриминација од страна на град Скопје врз студентите од приватните факултети за немањето право да користат бесплатен јавен превоз** како што имаат студентите на државните универзитети.

Медиумите ја проследија и информацијата кога Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврди директна дискриминација врз 25 семејства**, лишувајќи ги од основното човеково право на пристап до чиста вода за пиење од страна на ЈП „Водовод и канализација" и од општина Гази Баба. Се работи за осумдесетина најмаргинализирани граѓани во општеството, кои живеат под мостот „Топлификација" (во близина на мостот „Беласица"), на левиот брег на Вардар, а имаат само една стара чешма без притисок, никогаш бактериолошки испитана.

Можеби единствен случај во регионот е случајот каде што КСЗД утврди потежок облик на дискриминација или т.н. **интерсекциска дискриминација, како и виктимизација, на вработена во невладина организација со седиште во скандинавска земја, врз основа на бременост, пол и личен и семеен статус во областа работата и работните односи**. Стануваше збор за вработена на определено време што во седмиот месец од бременоста добила отказ, а на бебето не му било обезбедено здравствено осигурување. И во друг сличен случај, КСЗД утврди потешка форма на дискриминација откако продавачка пријавила дека е избркана од АД „Просветно дело Скопје" само затоа што е бремена.

Медиумската застапеност на КСЗД беше актуелизирана откако Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека **затвореничките се дискриминирани со Правилникот во КПУ „Идризово"**, и тој беше променет од Управата за извршување на санкции и Министерството за правда. Со измените на Правилникот за распоредување, класификација и разместување, донесен од страна на Министерството за правда и Управата за извршување на санкции, затвореничките ги добија истите погодности како и затворениците.

Речиси во сите медиуми беше проследена информацијата дека КСЗД утврди директна продолжена дискриминација како потежок вид **дискриминација по основ на лично својство и општествен статус извршена од страна на Советот на јавни обвинители врз обвинителка**.

Значајна е соработката што Комисијата ја оствари со „Македонската Радио Телевизија", каде што на теми поврзани со дискриминацијата и заштитата од неа, секој втор четврток, членовите на КСЗД гостуваа во „Утринската програма" во живо. Во своите гостувања, членовите на Комисијата ја запознаваа јавноста со тоа **што е дискриминација и во какви форми се јавува, што претставува индиректна дискриминација, вознемирувачки говор, како граѓаните да ја препознаат дискриминацијата и на кој начин може да поднесат претставка**, застапеноста на дискриминацијата во институциите и други актуелни теми.

Во програмите на телевизиите, членовите на Комисијата остварија гостувања и за актуелни теми како што е **обезбедување јавен превоз за сите средношколци, за проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост во нашето општество, за дискриминацијата што се врши врз ЛГБТ+ заедницата**.

Интерес новинарите изразија и интерес за обработување теми поврзани со дискриминацијата како што е темата кои се психолошките последици од **онлајн сексистичкиот говор на омраза**, недоречености во неговото правно регулирање, но и дали најмногу случаи на дискриминација има преку јавното информирање и медиуми врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Новинарите беа заинтересирани и со работата на Комисијата, начинот на кој се постапува по претставките, но и проблемите со кои КСЗД се соочува во секојдневното работење.

# БУЏЕТ И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Во 2023 година, буџетот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација што се води како програма 20, во согласност со Буџетскиот циркулар за 2023 година во кој се утврдени финансиските потреби на Комисијата потребни за остварување на законските надлежности, стратегиските приоритети и програмата за работа, е проектиран со вкупна вредност од 49.107.131,00 денари.

Министерството за финансии при креирањето на буџетот за 2023 година на програмата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација проектираше 21.626.000,00 денари.

Во буџетот на Комисијата за 2023 година не се одобрени средства за обезбедување пристапност на службените простории на Комисијата за лица со попреченост иако, во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата обезбедува пристапност при спроведувањето на своите надлежности утврдени во истиот Закон.

Со цел поефикасно и непречено функционирање на Стручната служба на Комисијата, се наметна потреба од одредени пренамени, и тоа на ставките предвидени за купување мебел и за надоместоци, за сметка на кои се одземени средства од ставките за договорни услуги и за комунални услуги.

Поради зголемени непредвидливи трошоци на ставките за основни плати и надоместоци, Комисијата достави барање за зголемување на истите со ребалансот на буџетот за 2023 година, со што во буџетот на Комисијата се додадени вкупно 2.650.000,00 денари, со што вкупниот буџет на Комисијата во 2023 година изнесувал 24.276.000,00 денари.

Во третиот квартал на 2023 година, од страна на Министерството за финансии е побарано намалување на одредени средства за кои до крајот на годината Комисијата нема можности да ги искористи, како резултат на што е извршено намалување со вкупен износ од 898 976,00 денари.

Пред истекот на годината, од страна на Министерството за финансии е доставено дополнително барање за отстапување на дел од средствата, за кои се претпоставува дека нема да бидат искористени, па Комисијата заради економичното и ефикасно искористување на доделените средства, преостанатите средства со износ од 314.530,00 денари ги отстапи на Министерството за финансии.

Оттука, вкупниот буџет со кој Комисијата располагала во текот на 2023 година (зголемен со ребалансот на буџетот и намален со вратените средства во согласност со барањата на Министерството за финансии) изнесувал 23,063,000,00 денари.

Во продолжение табеларен преглед на доделените, планираните и потрошените средства по ставки, вклучувајќи и процент на реализација (по ставки и вкупно) во текот на 2023 година:

| Опис на деловите на буџетот | Број на ставка | Буџет | План | Потрошени средства | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни плати | 401 | 13.003.000 | 12.690.759 | 12.685.671 | 97,56 % |
| Придонеси за социјално осигурување | 402 | 5.067.000 | 4.927.494 | 4.925.257 | 97,20 % |
| Надоместоци | 404 | 187.446 | 187.446 | 187.446 | 100 % |
| Патни и дневни расходи | 420 | 760.000 | 760.000 | 520.613 | 68,50 % |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 421 | 1.300.000 | 1.175.000 | 1.031.474 | 79,34 % |
| Материјали и ситен инвентар | 423 | 279.000 | 279.000 | 251.327 | 90,08 % |
| Поправки и тековно одржување | 424 | 419.530 | 419.530 | 132.655 | 31,62 % |
| Договорни услуги | 425 | 760.000 | 760.000 | 670.191 | 88,18 % |
| Други тековни расходи | 426 | 575.000 | 575.000 | 540.455 | 93,99 % |
| Купување опрема и машини | 480 | 514.000 | 514.000 | 373.133 | 72,59 % |
| Купување мебел | 483 | 126.024 | 126.024 | 126.024 | 100 % |
| Вложувања и нефинансиски средства | 485 | 72.000 | 72.000 | 70.800 | 98,33 % |
| **ВКУПНО** | | **23.063.000** | **22.486.253** | **21.515.046** | **93,29 %** |

Табела 5

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1: Издвоени случаи од практиката

### Индиректна продолжена интерсекциска дискриминација врз индивидуалните земјоделки и земјоделци преку Законот за здравствено осигурување

Постапувајќи по претставка поднесена од страна на граѓанска организација, КСЗД утврди дека со Законот за здравствено осигурување индивидуалните земјоделки и земјоделци се исклучени во остварување на правата на надоместоците – правото на платено боледување на сите индивидуални земјоделки и земјоделци и правото на платено породилно отсуство на жените – индивидуални земјоделки. Комисијата констатираше дека нееднаквиот третман на индивидуалните земјоделци и земјоделки, во однос на другите здравствени осигуреници, при остварување на правото на платено боледување, се должи на основа на нивниот личен статус и припадност на маргинализирана група што се интерсекциски поврзани. Нееднаквоста на жените – индивидуални земјоделки исто така се должи на интерсекциски поврзани основи, и тоа: пол, род, личен статус и припадност на маргинализирана група. Со оглед дека Законот го продуцира овој вид дискриминација континуирано, долг временски период, се утврди и продолжена дискриминација.

За отстранување на дискриминацијата, Комисијата му препорача на Министерството за здравство да изготви и иницира соодветни измени и дополнувања на Законот во рок од 60 дена.

### Дискриминација врз основа на пол кон осуденичките во РСМ

Осуденичка на издржување затворска казна во КПУ „Идризово“ поднесе претставка во која тврди дека таа и другите осуденички се дискриминирани од страна на Управата за извршување на санкции поради неможност на еднаква основа со мажите да користат дел од погодностите на осудените лица пропишани во Законот за извршување на санкции. Имено, само мажите осудени лица во КПУ „Идризово“ (која е установа од затворен вид) можат по отслужување на 1/3 од казната да поднесат барање и да добијат преместување во друга установа од отворен или полуотворен вид. На тој начин тие можат да користат: посети надвор од установата до четири часа; слободен излез од установата до седум часа; отсуство до 15 дена во текот на годината; целосно или делумно користење на одморот надвор од установата, како и работно ангажирање надвор од установата. Осудените лица од женски пол не може да бидат преместени во установа од незатворен тип и да ги користат овие погодности, затоа што такви установи за женски лица не постојат.

КСЗД утврди директна дискриминација од страна на Управата за извршување на санкции кон подносителката, како и кон сите осуденички во РСМ и препорача во рок од шест месеци Управата во соработка со други релевантни органи да подготви Акциски план со активности и извори на буџетирање за адаптирање/реконструкција/конструкција на установи од полуотворен и отворен вид за осуденички.

## КСЗД поттикна измени на Законот за пријавување на престојувалиште и живеалиште и на Законот за лична карта

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одигра значајна улога во измените на Законот за пријавување на престојувалиште и живеалиште и на Законот за лична карта. Со овие законски решенија им се овозможи на лицата што не поседуваат имот или немаат можност да обезбедат докази за сопственоста на имотот или договор за закуп и поради тоа останувaa без пријавена адреса за живеење, а со тоа и без лична карта, да си го решат ова прашање. Претходно, постапувајќи по поднесена претставка против Министерството за внатрешни работи, за сторена дискриминација врз основа на имотен статус и етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење со кое се утврдува индиректна дискриминација врз основа на имотна состојба и социјално потекло во областа на правосудство и управа сторено од страна на МВР како предлагач и спроведувач на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето и донесе препорака Министерството за внатрешни работи во најкраток рок, а не подоцна од три месеци, да предложи законски измени и дополнувања на Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните, кои ќе овозможат пријавување живеалиште/престојувалиште на лицата што не поседуваат имот, ниту имаат имот под закуп. Со измените на Законот за пријавување на престојувалиште и живеалиште и на Законот за лична карта, Комисијата утврди дека Министерството за внатрешни работи ја исполни препораката, а со тоа се направи чекор напред кон поеднакво општество за сите граѓани.

## Дискриминација и виктимизација врз основа на бременост, пол и лично својство извршена од Меѓународна граѓанска организација

Во специфичен случај, кога за дискриминација беше посочена Меѓународна граѓанска организација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди интерсекциска директна дискриминација и виктимизација врз основа на бременост, пол и лично својство во областа на работата и работните односи. Подносителката пријави дискриминација, дискриминаторски практики или навредлив јазик и тврдеше дека била мета на регионалната директорка со исклучување од задачи, настани, одговорности и одлуки поврзани со нејзината позиција, а кое резултирало со непродолжување на договорот за вработување, додека била во поодмината фаза од бременоста. Комисијата, по утврдување дискриминација, препорача, дискриминаторите во иднина да се воздржуваат од практики што продуцираат нееднаков третман и дискриминација на вработените по основ на пол, бременост и лично својство или која било друга дискриминаторска основа при остварувањето на нивните права од работен однос и да ја почитуваат и применуваат законски загарантираната заштита од дискриминација по основ на бременост, раѓање и мајчинство. Се препорача и да се воздржуваат од практики што продуцираат виктимизација кон вработените што побарале заштита од дискриминација.

## Свештено лице во јавен настап изврши вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет кон ЛГБТ+ заедницата

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено кон ЛГБТ+ заедницата. Стануваше збор за јавен настап на свештено лице, односно гостување во емисија на една телевизија, со изнесување вознемирувачки говор за лицата од оваа заедница. Комисијата препорача дискриминаторот во иднина да се воздржи од јавни настапи што содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или која било дискриминаторска основа, во согласност со Законот за спречување и заштита од дискриминација и да се извини јавно. Бидејќи утврдениот дискриминатор одби да постапи по препораката, Комисијата поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

## Утврдена директна, продолжена, интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и возраст од страна на МОН

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди директна, продолжена, интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и возраст во областа образование од страна на МОН и министерот за образование, но и индиректна, продолжена интерсекциска дискриминација врз основа на попреченост и возраст во областа образование сторена од страна на МОН, преку Законот за средно образование кон учениците со посебни образовни потреби од средното образование. По добиена претставка за заштита од дискриминација, за необезбедување образовен асистент за ученик со посебни образовни потреби во средно образование, Комисијата работејќи на случајот увиде дека Законот не го предвидува концептот на инклузија и на тој начин не предвидел образовна асистенција на средношколците со посебни образовни потреби, ниту поддршка за учениците од средно образование со попреченост. На овој начин е пропуштено да се изврши соодветно приспособување на средното образование кон потребите на учениците со посебни образовни потреби што се запишани во стручно образование, гимназиско образование и средно уметничко образование, бидејќи Законот за овие ученици не предвидел начин и услови за следење на наставата во редовниот образовен процес – инклузија. На овој начин, од дискриминацијата што ја продуцира Законот се јавува штетна последица кон засегнатите ученици, а тоа е оневозможување за стекнување квалитетно образование на еднаква основа со средношколците што немаат потреба од дополнителна асистенција или поддршка во образовниот процес. Врз основа на утврдената дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во рамки на Мислењето даде препорака Министерството за образование и наука да го отстрани нееднаквиот третман спрема подносителот, со тоа што ќе му обезбеди образовен асистент и еднаков квалитет на средното образование како на другите средношколци што имаат потреба од образовна поддршка и ќе иницира измени и дополнувања на важечкиот Закон за средно образование или да иницира нов предлог-закон за средно образование, во кои соодветно ќе биде интегриран принципот на инклузија и ќе се овозможи еднаков квалитет на средно образование за учениците со посебни образовни потреби/попреченост во редовното средно образование.

## Продолжена дискриминација и вознемирување врз основа на возраст и бременост, раѓање и родителство во областа на работните односи во правосудството

Посебен интерес во јавноста предизвика случајот на утврдена директна продолжена дискриминација како потежок облик на дискриминација по основ на лично својство и општествен статус, еднаш изразено како возраст, а вториот пат како бременост, раѓање и родителство, извршена од страна на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија кон јавната обвинителка Ленче Ристоска. Комисијата, исто така, во овој случај утврди и вознемирување како вид дискриминација по основ на бременост, раѓање и родителство, извршена од страна на поранешниот претседател на СЈОРСМ Антонио Јолевски во форма на јавна изјава дадена за медиуми, во областа работни односи во правосудството. Имено, со одлуката на Комисијата во конкретниот случај се има за цел да се посочи дека жените не треба да бидат доведени во ситуација да мораат да изберат помеѓу себереализацијата на приватен план како родители и нивната реализација на професионален план. Напредокот на жените во нивната професионална кариера не смее да биде оневозможен поради бременост, отсуство од извршување на работните задачи за време на бременост, раѓање и мајчинство или истите да бидат предмет на дискусија и одлучувачка околност при донесувањето одлука за вработување или унапредување на жените на нивните работни места. Оваа форма на дискриминација зборува за постоење на нееднакви услови за мажите и жените на пазарот на труд и има клучно влијание врз родовата нееднаквост во областа на работните односи. Исто така, при одлучување за вработување или унапредување на жените треба да бидат земени предвид нивната стручност и компетентност наспроти нивната возраст. Во овој случај, Комисијата препорача утврдениот дискриминатор – Советот на јавни обвинители, при извршување на своите законски надлежности, во иднина да се воздржи од практики што продуцираат нееднаков третман и дискриминација на јавните обвинители по кој било дискриминаторски основ при остварување на нивните права од работен однос, вклучително и можноста од унапредување, и да ја почитува и применува законски загарантираната заштита од дискриминација по сите основи – особено бременоста, раѓањето и мајчинството. Воедно се препорача поранешниот претседател на Советот – Антонио Јолевски, сега член на Советот, писмено да ѝ се извини на јавната обвинителка Ленче Ристоска за сторената дискриминација во форма на вознемирувачки говор кон неа. Со оглед дека во утврдениот рок не е постапено по препораките на Комисијата, соодветно ќе биде поднесено барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

## Пратеник повикувал, поттикнувал и дал инструкции за дискриминација врз трансродовите лица на „Фејсбук“

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми од страна на пратеник во Собранието на РСМ врз трансродовите лица. Пријавениот, со дискриминаторска објава на „Фејсбук“, поттикнал коментари што содржат вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како вид дискриминација, и не ја презел одговорноста да ги модерира или отстрани, со оглед на тоа што се наоѓаат на неговиот профил. При носење на мислењето, Комисијата особено го зеде предвид фактот што дискриминаторот е пратеник во Собранието на РСМ и сноси висока општествена одговорност. Комисијата препорача дискриминаторот да ја отстрани објавата, а во иднина да се воздржува од активности со кои се повикува и поттикнува дискриминација или со кои се инструира извршување дискриминација по кој било основ. Препораката дадена од КСЗД беше исполнета, посочениот ја отстрани објавата од социјалната мрежа „Фејсбук“.

# Прилог 2: Завршна сметка

Период

Контролор

| 1 2 3 | 7 4 8 3 7 8 3 (4 5 6 7 8 9 10 11) | 0 2 0 1 1 6 2 9 4 4 6 3 7 1 6 (12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26) |
|---|---|---|
| Вид.раб | Идентификационен број | Резервни кодекси |

Назив на субјектот - Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Адреса, седиште и телефон - Даме Груев бр.1 Скопје

Единствен даночен број - 4080021595665

(корисници на средства од Буџетот)

ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во текот на годината - Биланс на приходите и расходите

од 01.01.2022 до 31.12.2022 година

| | | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 001 | 8.084.513 | 15.155.411 |
| | | а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 002 | 6.938.614 | 12.481.138 |
| 1 | 401 | Плати и надоместоци | 003 | 4.958.608 | 8.918.032 |
| 2 | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 004 | 1.926.006 | 3.464.106 |
| 3 | 403 | Останати придонеси од плати | 005 | | |
| 4 | 404 | Надоместоци | 006 | 54.000 | 99.000 |
| | | б) РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ (од 008 | 007 | 0 | 0 |
| 5 | 411 | Финансирање на нови програми и потпрограми | 008 | | |
| 6 | 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 009 | | |
| 7 | 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 010 | | |
| 8 | 414 | Резерви за капитални расходи | 011 | | |
| | | в) СТОКИ И УСЛУГИ | 012 | 1.145.899 | 2.639.172 |
| 9 | 420 | Патни и дневни расходи | 013 | 15.881 | 570.828 |
| 10 | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и | 014 | 309.069 | 907.483 |
| 11 | 423 | Материјали и ситен инвентар | 015 | 211.174 | 226.834 |
| 12 | 424 | Поправки и тековно одржување | 016 | 284.784 | 44.012 |
| 13 | 425 | Договорни услуги | 017 | 142.800 | 588.977 |
| 14 | 426 | Други тековни расходи | 018 | 182.191 | 301.038 |
| 15 | 427 | Привремени вработувања | 019 | 0 | 0 |

| | | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | г) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИ | 020 | 0 | 0 |
| 16 | 431 | Трансфери до Фондот за ПИОМ | 021 | | |
| 17 | 432 | Трансфери до Агенцијата за вработување | 022 | | |
| 18 | 433 | Трансфери до Фондот за здравствено | 023 | | |
| | | д) ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ЕЛС | 024 | 0 | 0 |
| 19 | 441 | Дотации од ДДВ | 025 | | |
| 20 | 442 | Наменски дотации | 026 | | |
| 21 | 443 | Блок дотации | 027 | | |
| 22 | 444 | Дотации за делегирани одделни надлежности | 028 | | |
| | | ѓ) КАМАТНИ ПЛАЌАЊА | 029 | 0 | 0 |
